моја ЗЕМЈА
СПИСАНИЕ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ
март 2009, број 41
цена 50 ден



**100% БИОДИЗЕЛ ТРАКТОРИ**



Фондови на ЕУ до 2013 година

**ИПА - ПОДГОТОВКА ЗА ЕВРОПСКИТЕ ПАРИ**

**КОЈ РАБОТИ - ЌЕ ЗАРАБОТИ**

ISSN 1857-534X
9771857534000

Поддршка на руралниот развој: **Пари и за обновливи извори на енергија**


Осигурајте ја инвестицијата
на Вашиот живот во сигурна компанија
UNIQA
Осигурување на Новата Генерација.


Специјална понуда*
FordFiesta | Feel the difference
Ford
Fiesta 5 five
9590€
589785-.ден.
8990€
552885-.ден.
СО ГРАТИС ОПРЕМА:
1. клима уред
2. радио ЦД
3. металик боја
4. далечинско заклучување
5. 5 врати
стандардна опрема на возилото:
*УШТЕ 29 ВОЗИЛА НА ЛАГЕР
Воздушно перниче за возач и совозач, IPS, PATS, затемнети стакла, електрично задвижување на предни стакла, волан подесив по висина, подесување на возачко седиште по висина, нивелирање на фарови, серво управувач, централно заклучување, дигитален часовник, 14" бандажи
АвтоцентарБТ Битола 047/203 535
Амбасадор Охрид 046/262 800
Ве-Го Авто Прилеп 048/433 317
Ко-Ко Компани Тетово 044/350 400
Тефо-Со Кавадарци 043/412 858
Ник Моторс Струмица 034/340 833
Инбексо КарГевгелија 034/218 902
Ми-Да Моторс Скопје 02/3073 103; 02/15 5 15

ФФРМ Медиа

Списанието „Моја земја" излегува месечно и е во сопственост на Федерацијата на фармери во Република Македонија. Првиот број излезе како организациски билтен на ФФРМ во април 2003 година, а од декември 2006 година се дистрибуира како месечно специјализирано списание за земјоделство и рурален развој.

**Моја земја**
март 2009

**Издавач:**
ФФРМ Медиа
Ул. Гиго Михајловски
бр.3, 1000 Скопје
тел / факс: 02/ 3099042
e- mail: renata.naumovska@ffrm.org.mk

Број на ж-сметка:
250-0050000485-38
Банка деп.: Инвест Банка
380-1-6453333 001- 46
Прокредит банка

**Главен и одговорен уредник**
Рената Наумовска
renata.naumovska@media.ffrm.org.mk

**Уредник**
Тодор Стојчевски
todor.stojcevski@media.ffrm.org.mk

**Маркетинг**
Благојче Најдовски, тел.: 070 937 132
blagojche.najdovski@media.ffrm.org.mk
Фатиме Исаи
fatime.isai@ffrm.org.mk

**Директна продажба и промоција**
Антоанета Димова
antoaneta.dimova@media.ffrm.org.mk

**Лектор:**
Верица Неделкоска

**Новинари:**
Силвана Јованова
Антоанела Димитриевска
Берта Китинска
Алекс Питер Мулен

**Стручни соработници:**
м-р Виктор Ѓамовски
дипл. инг. Кицо Дамовски
инг. Оли Митовски
д-р Недељка Николова
Нико Попов

**Соработници:**
Марија Ѓошева Ковачевиќ
Дајана Јанева
Коле Пасков
Мартин Трајчев
Дејан Лазаров

**Дизајн:** Бригада дизајн - Скопје

**Печати:** Пропоинт - Скопје

SFARM

Списанието е финансиски поддржано од Шведската агенција за меѓународен развој. Оваа помош се состои и од директно пренесување на искуствата и знаењата од фармерите во Шведска на фармерите во Македонија преку проектот Поддршка на земјоделските здруженија во Република Македонија - СФАРМ.

## СОДРЖИНА



Северио Савио, тим-лидер на „лозовиот катастар"
РЕГИСТРАЦИЈА И КОНТРОЛА ЗА ПОДОБРА ПЕРСПЕКТИВА НА ВИНСКИОТ СЕКТОР 10



Подигнување насади и одгледување маслинка
ИЗБОР НА ЛОКАЦИИ И ПРИПРЕМА НА ПОВРШИНА ЗА САДЕЊЕ 16



Управа за ветеринарство
НЕПРАВИЛНА ВАКЦИНА - АБОРТУС КАЈ ОВЦИТЕ 22



Извоз на јагнешко месо
ИЗВОЗНИЦИТЕ БАРААТ ЈАГНЕ ПОВЕЌЕ 24



Средба на производителите и преработувачите на пиперка
ДА СЕ ИСКОРИСТИ ДОМАШНАТА ПИПЕРКА 28



Коскесто овошен вид
ВИШНАТА - СУРОВИНА ЗА ИСПЛАТЛИВИ ПРОИЗВОДИ 37



Производство на мисиркино месо
ЕМ ФАМИЛИЈАРНО, ЕМ ИСПЛАТЛИВО 46

Почитувани читатели, сите сугестии, забелешки, прашања и критики, Ве молиме, да ги испраќате на маил адресите наведени во горниот десен агол на страниците. Со тоа ќе влијаете на квалитетот на содржината и ќе добиете информации за ваше подобро и поквалитетно земјоделско производство или развој на средината. Затоа, редакцијата на списанијата „Моја земја" и „Тока Име", Ве охрабрува, да ни пишувате

УРЕДНИЧКИ ЗБОР

# Млечна криза - правнички решенија

**Драги читатели,**



Млекопроизводителите чекаат подобри времиња за рестартирање на говедарството. Оваа криза беше најстрашната досега и ме натера да се сетам на Литванија. Таму членовите на кооперативите за собирање млеко ја диктираат цената меѓу нивните четири млекарници. Убаво се сеќавам дека нивната цена беше 0,75 литвански центи за литар, додека на оние надвор од кооперативата, млекото им го плаќаа по 0,45 литвански центи. Излегува она зад кое ние, како Федерација, цврсто стоиме: Здружувањето е моќ!

Кога разговараме со млекопроизводителите за тоа како да излеземе од кризата, одговорите се јасни и прецизни. Потребен е Правилник за откуп и промет со сурово млеко, за што работната група за решавање на млечната криза со претставници од Федерацијата на фармери веќе извесно време лобира.

Проблемот ги натера млекопроизводителите да размислуваат за барање од Владата да им доделува лиценци за откуп на млекарниците, исто како кај откупувачите на тутун. Нека оставаат гаранција, па нека почнат со откуп. Несфатливо е шест месеци да не се плаќа млекото, а во меѓувреме банката да ти ја одземе куќата поради хипотеката на кредитот. Потоа, да ги продаваш кравите за да преживееш до утре. А, утре, што?

Кога ќе заврши пополнувањето на субвенциите (одлична акција на Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделството), можеби Владата ќе може да ги насочи во давање правна помош за склучување на договорите помеѓу производителите и преработувачите. Ова не е проблем само со млекопроизводството, туку е вкоренет проблем во сите сектори на земјоделството.

И краен излез од млечната криза, дефинитивно, е формирањето силни кооперативи за собирање на млеко кои, конечно, производителите ќе ги стават во партнерска позиција со откупувачите. Дотогаш, барем успеавме да ги намалиме придонесите за 50%, а сè уште се залагаме да бидат намалени за уште 20 проценти. Уште да можеме поднесувањето на пресметките за плати и придонеси да го дотераме на три месеци бидејќи млекото не им се плаќа до 15-ти, туку до 25-ти во месецот. Во тој случај сме помогнале да профункционира државата во земјоделството. Чекор поблиску до ЕУ!



ВЕСТ **ФФРМ во Европската Унија**

# Директна врска на земјоделците со ЕУ

**Земјоделците мора правилно и детално да бидат информирани за интегративните процеси на РМ, да може да носат издржавни ставови и да бидат активен социјален партнер, вели Трајчев**

Федерацијата на фармери во Република Македонија, од почетокот на оваа година, има свој претставник во Брисел, седиште на Европската Унија. Мартин Трајчев, првиот македонски претставник во оваа канцеларија, објаснува дека ќе ги застапува интересите на организацијата и на нејзините членови во ЕУ.

„Основна причина за отворање на канцеларијата е да се обезбеди директна врска на земјоделците со важни структури во ЕУ, како и да се обезбеди подобра позиција во процесот на интеграција. Исто така, ФФРМ ќе работи на подобрување на протокот на информации од Унијата во сите сфери од интерес на земјоделците", објаснува Трајчев. Според него, земјоделците мора правилно и детално да бидат информирани за интегративните процеси на РМ, да може да носат издржавни ставови и да бидат активен социјален партнер.

**ФФРМ е прва невладина организација од Македонија која отвора своја канцеларија во Европската Унија. Таа е отворена со поддршка на Федерацијата на шведски фармери, проектот СФАРМ и Шведската агенција за соработка и развој (СИДА).**

Исто така, канцеларијата работи на градење мрежа и ќе соработува со сите релевантни институции, како што се Европската комисија, Европскиот парламент, Европскиот економски и социјален комитет и со лоби групи во земјоделството, како што е Копа-Кожека. „Во моментов, преговараме за потпишување партнерски договор со Копа-Кожека, со што ќе се овозможи пристап до важни информации поврзани со европското земјоделство", вели Трајчев. Тој, активно, ќе учествува и во работењето на работните групи на Копа-Кожека за повеќе потсектори, како што се виното, тутунот, млекото и млечните производи, јагнешкото месо, овошјето и зеленчукот и руралниот развој.

**Т.С.**

КРАТКО **Отворен нов проект ЦеПроСАРД**

# Обновливи извори на енергија во руралните средини

Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој (ЦеПроСАРД) отвори нова канцеларија во Скопје. Овој проект се насочува кон руралниот развој, посебно кон локалниот економски развој, заштитата на животната средина и на културното наследство.

Тимот на ЦеПроСАРД, веќе спроведува низа проекти кои се однесуваат на енергетската ефикасност и климатските промени. Во тек е и проект „Агроенергија", финансиран од СИДА - Шведска агенција за меѓународен развој и соработка, фокусиран на истражување на состојбата со обновливи извори на енергија и нивна апликативност во земјоделството и руралните средини.

На официјалното отворање на канцеларијата присуствуваа претставници на разни домашни и меѓународни институции.

# Помош за земјоделците

Повеќегодишното искуство на претставниците на ФФРМ е гаранција за изготвување барања, програма, апликации и анализи за нови инвестиции во земјоделството. Затоа, нудиме:

1. Пополнување на барања за субвенции во земјоделството
2. ИПАРД апликација од ЕУ фондовите
3. Инвестициони програми за поволни кредитни линии (до 4% годишна камата)
4. Бизнис-планови
5. Програма за рурален развој во земјоделството (инвестиции за набавка на механизација и опрема за преработка, доработка, складирање и пакување)
6. Програми за добивање земјоделско земјиште во државна сопственост
7. Апликации за програмата за рурален развој за помали инвестиции


ФФРМ ги помага земјоделците

8. Анализа на развојни можности и способности на клиентот за нови инвестиции
9. Регистрација на земјоделци, фирми, здруженија и кооперативи
10. Регистрација на индивидуални земјоделски производители во Централниот регистар, Фондот на ПИО и регистар на МЗШВ на РМ
11. Регистрација на здруженија
12. Регистрација на кооперативи
13. Регистрација на фирми (трговец-поединец, ДООЕЛ и други)

### Изготвување предлог-проекти:

- за земјоделско здружение
- за група на производители
- за кооперативи

- посредување, посета на саеми, едукација и размена на искуства, стручни совети
- посредување во остварување на интересите на група фармери и здруженија при набавка на репроматеријали, продажба и договорно работење
- посредување при изготвување на полиса за осигурување на имот и добиток
- организирање манифестации (Денови на лозари, градинари, сточари)
- посета на домашни и меѓународни саеми
- обука и тренинг за изготвување сопствен бизнис-план
- обука и тренинг за технологии на одгледување (градинарство, полјоделство, лозароовоштарство и сточарство)
- обука за имплементација на ЕУРЕПГАП стандардот во примарното земјоделско производство
- давање стручни совети и литература

### Гратис-услуга

Сите оние кои за претходните услуги на ФФРМ ќе платат пакет од 1.500 денари, добиваат:

- бесплатна годишна претплата на списанието „Моја Земја“ и „Тока Име“ на домашна адреса
- бесплатно пополнување пријава Барање за добивање субвенции преку целата година
- бесплатно пополнување на Апликативни формулари за програмата за рурален развој, цела година, за инвестиции до 300.000 денари
- попуст од 1.000 денари при регистрација на индивидуален земјоделец, трговска фирма, здружение и кооператива во Централен регистар на РМ
- бесплатна регистрација во Регистарот на МЗШВ и фондот на ПИОМ
- бесплатно добивање информатор за цените на земјоделските производи на големо и мало
- бесплатно информирање за семинари и обуки на меѓународен и домашен терен

### Попуст од 1.500 денари од вкупната вредност при изработка на:

- инвестициона програма за кредит
- инвестициона програма за рурален развој
- инвестициона програма за користење земјоделско земјиште во државна сопственост
- инвестициона програма за користење ИПАРД средства
- бизнис-план за анализи на капацитетите на фарма или фирма
- предлог-проекти за здруженија, кооперативи и група на производители
- бесплатно изготвување и печатење на договор за закуп, барање, изјава, понуда и полномошно
- бесплатен технички и консултативен совет за започнување бизнис-идеја
- бесплатно изнаоѓање на поддршка од донатори за одредени ваши советувања (групна обука и работилници по сектори на ваше барање)
- посета на курс по англиски јазик за цена од само 200 денари за фармери во Битолскиот регион (Прилеп, Битола, Демир Хисар и Ресен)
- други услуги за кои ФФРМ може да лобира, информира и застапува пред институциите, кои не претставуваат голем материјален трошок

**Коле Пасков,**
**менаџер за услуги при ФФРМ**
**тел.: 075 303 715, e-mail: kole.paskov@ffrm.org.mk**

# Фармерите крајно револтирани од „реформите за економски развој“

Пишува:
Марија Ѓошева - Ковачевиќ
аналитичар во ФФРМ

**Постојано земјоделците ги ставаме во категорија на најниско доходовна стопанска гранка, а од друга страна државниот систем ги оптеретува со давачки поголеми и од најпрофитабилните фирми. Трошоците се многу високи и ретко кој земјоделец може да ги покрие**

Многу фармери ќе се откажат од статусот „регистрирани земјоделци“ поради високите трошоци за придонеси. Како самостојни вршители на стопанска дејност, тие треба да уплатат 27.507 денари за јануари. Од нив, за придонеси за задолжително социјално осигурување треба да уплатат 7.812 денари на минимум основица и мора да подигаат минимална плата во износ од 18.426 денари.

Регистрираните земјоделци, на самиот почеток од промовирање на реформите, се надеваа дека конечно голем број од даночните проблеми и социјалното осигурување ќе бидат решени. Меѓутоа, набргу се разочараа кога институциите објаснија дека паушалното оданочување за персонален данок на доход, со кои се предвидуваше ослободување од плаќање на 300.000 денари/годишен бруто приход, не се однесува за оваа категорија земјоделци. Второто разочарување беше кога дознаа дека за регистрираните земјоделци не важи пресметувањето на придонесите на 20% од целата плата, што во просек изнесува 1.500 денари месечни трошоци за придонеси. Оттука, се поставува прашањето: дали има потреба да постои посебен закон за вршење земјоделска дејност, бидејќи тој целосно ја губи суштината доколку се земе в предвид дека оданочувањето и трошоците за придонеси се идентични како и за категоријата „трговец поединец“. Од друга страна, Министерството за земјоделство, шумарство и водостапанство го стимулира регистрирањето на земјоделците со поддршка од 2000 денари. Фармерите сметаат дека оваа политика не соодвествува со реалноста, бидејќи сите земјоделци сакаат да ја прекинат оваа форма на регистрирање, сметајќи ја за неповолна, а учествува со 44% од вкупно регистрирани ентитети што се занимаваат со земјоделска дејност.

Постојано земјоделците ги ставаме во категорија на најниско доходовна стопанска гранка, а од друга страна, државниот систем ги оптеретува со давачки поголеми и од најпрофитабилните фирми. Трошоците се многу високи и ретко кој земјоделец може да ги покрие, особено надвор од периодот за сезонско производство, кога едно земјоделско семејство нема никакви приходи. Ова е особено тешко да се издржи кај фармер кој започнал да се занимава со подигнување на нови овошни или лозови насади, а влегол во системот како регистриран земјоделец. Тој фармер, три години инвестира без никакви приходи, а треба да исплати околу 324.000 денари на годишно ниво.

*Регистрирани ентитети со земјоделска дејност*




## Да се измени Законот за задолжително социјално осигурување

Управниот Одбор на Федерацијата на фармерите донесе одлука да бара измена на Законот за задолжително социјално осигурување. ФФРМ бара измената да се однесува на пресметката за придонеси и тоа наместо на цела плата, тие да се пресметуваат на основица од 30% од месечната просечна плата или за 10% повеќе од земјоделците кои се само осигуреници во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и во Фондот за здравствено осигурување. Според овој предлог, фармерите, наместо 27.507 денари како што беше во јанаури, треба да уплаќаат бруто плата во износ од 8.250 денари пресметано според месечната просечна плата за јануари. Од овој износ треба да уплаќаат 3.900 денари за придонеси. Исто така, потребно е да се пролонгираат роковите за плаќање бидејќи земјоделците не можат да ги уплатат овие суми, а притоа казните се многу високи. Роковите за уплаќање треба да бидат на тримесечие поради поврзаноста на производството со исплатувањето од страна на преработувачите и сезонскиот карактер на производството.

АФПЗРР

Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2009 година

# Пари и за обновливи извори на енергија

**Во рамки на Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој за 2009 година се планирани 422 милиони денари вкупни средства за реализација. Најголем дел од нив, 192 милиони денари, се за инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделски стопанства, вклучително и аква-култура**

Врз основа на донесената Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2008 година (Сл. весник на РМ бр.22/08 и 54/08) и Уредбата за спроведување на политиката за рурален развој (Сл. весник на РМ бр.54/08), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во текот на минатата година, успешно ја спроведе и реализира оваа Програма. На 21 мај лани, Агенцијата објави Јавен оглас за аплицирање на заинтересираните кандидати за планираните мерки за кофинансирање.

Апликантите имаа можност да аплицираат за следните три мерки:

1. Инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделските стопанства, вклучително и аква-култура;
2. Инвестиции за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи;
3. Инвестиции за рехабилитација на системите за наводнување на водните заедници.

За овие мерки до Агенцијата беа поднесени 676 апликации. Најголем интерес имаше за првата мерка и за неа беа поднесени најмногу апликации (вкупно 574). Потоа, 92 апликации се однесуваа на мерката 2 и десет апликации беа поднесени за третата мерка.

Од поднесените апликации за мерката 1, најголем интерес имаше за инвестициите за кофинансирање на приклучна механизација и опрема за примарно земјоделско производство, потоа за изградба на модерни и ефикасни системи за наводнување и за кофинансирање на инвестиции во опремување на сточарски фарми.

За втората мерка, најголем број потенцијални корисници аплицираа за инвестиции во набавка на опрема за преработувачки капацитети за производство на прехранбени производи во секторите: преработка на овошје и зеленчук, винарство, производство на млеко и млечни производи и за производство на добиточна храна.

Од вкупниот број барања за кофинансирање на инвестиции од мерка 1, најголем број поднесени и одобрени барања се од светиниколскиот и од битолскиот регион. Најмалку барања за кофинансирање се поднесени од струшкиот и кавадаречкиот регион.

Во рамки на Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој за 2009 година, која е објавена во Службен ▶



Да се подобри животот во руралните подрачја

Весник на РМ бр.03/2009 година, планирани се 422 милиони денари вкупни средства за реализација. Најголем дел од овие средства, 192 милиони денари се одвоени за инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделски стопанства, вклучително и аква-култура за која имаше и најголем интерес минатата година. Исто така, поголем дел од планираните средства, односно 110 милиони денари, се одвоени за инвестиции за рурална инфраструктура и 80 милиони за инвестиции за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи. По 6 милиони денари се одвоени за финансиска поддршка на промотивните активности за развој на рурален туризам и за организирање и заедничко вршење на производна дејност на земјоделски стопанства и осум милиони денари за подобрување на знаењето и унапредувањето на човечкиот потенцијал на земјоделски производители, обезбедување на советодавни услуги и едукација за управување со земјоделско стопанство.

Како новина, годинава се одвоени пари и за инвестиции за производство и користење на обновливи извори на енергија, т.е. за набавка на опрема за инсталации за производство и користење на соларна енергија, за производство и користење на биогас, за користење на ветерот како извор на енергија и користење на геотермална енергија.

**Во тек се подготовките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за започнување и реализација на Програмата.**

## МЕРКИ ОД НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2009 ГОДИНА



# SKOVIN
Winery



www.skovin.com.mk

Разговарал:
Тодор Стојчевски

# Регистрација и контрола за перспектива на винскиот с

**• Зошто на Македонија ѝ е потребен проект за мониторинг и управување на лозовите насади и од кога почна неговото спроведување?**

Пред пет години почнавме пилот-проект регистар во тиквешкиот регион. Во првата фаза се воспостави локална канцеларија во Кавадарци, се дизајнираше и проработи софтверот, се донесе Законот за вино и се спроведоа многу обуки на луѓе кои се уште работат на проектот. По пауза од осум месеци, почна и втората фаза, кога целиот систем и софтвер се распространија низ земјава.

Целта во оваа фаза беше:

- да се усогласи законодавството за вино на Македонија со законодавството на ЕУ, како и да се донесат сите подзаконски акти во согласност со правото на Европската Унија;
- да се поддржи идното одделение за лозарство и винарство во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (институционална поддршка) и затоа се направи обука на девет локални лица кои треба да се вработат во оваа институција.

Значи, освен главната канцеларија во Скопје, имаме и неколку локални канцеларии во Кисела Вода, Свети Николе, Охрид, Кавадарци, Неготино и во Валандово. Имено, тие се отворени таму каде што имаме главни лозарски региони.

Важен принцип на кој се базира системот е лична декларација (изјава или пријава на земјоделецот). Со неа се пријавуваат лозовите насади, а администрацијата му верува на земјоделецот, бидејќи не е во негов интерес да лаже. Сепак, постојат многу други начини на контрола и доколку се случи разлика меѓу пријавеното и фактичкото, постојат можности за истрага и корекции. Доколку стане збор за посериозна измама, имаме и судска инстанца.

**• Проектот завршува во мај годинава. Што направивте?**

Базично, системот е воспоставен и функционира во целата држава. Ќе се продолжи со финализација на маркетинг-стратегијата за винскиот сектор. Потоа, сè е во рацете на МЗШВ, кое ќе изгуби доколку не ги вработи лицата што ги обучивме да работат во винскиот сектор. Се надевам дека нема да пропадне она што го работевме неколку години и дека овие луѓе ќе дадат огромен придонес во развојот на секторот.

Освен усогласувањето со ЕУ, овој систем ќе овозможи и следење на виното. Всушност, тоа е важен критериум за квалитетот на виното. Станува збор за прв обид, прв проект, кој се заснова на ГИС (географскиот информативен систем). Ние сме пионери и нашето искуство го пренесуваме во воспоставување на познатиот LPIS - систем за идентификација на земјишни парцели. Нашиот систем е базиран на правила кои наметнуваат задолжителна декларација. Тоа значи дека секој лозар е задолжен да се регистрира во овој систем доколку сака своето производство да го продава на пазар. Ова е европска регулатива, но веќе е обврска и во Македонија. Ако вашите производители сакаат да извезуваат на пазарот во Унијата, мора да го докажат капацитетот за контрола и инспекции кои ќе ги спречат сите нерегуларности. Ова е првата причина поради која се воведува овој систем. А, следната причина е усогласувањето во законодавството на ЕУ.

**• За што може да се користи системот?**

Системот што го поставивме може да се користи за програмирање на „политиката“ во винскиот сектор. Ако сакате да креирате политика, всушност, системот е неопходен инструмент кој дава податоци за тоа што и каде има, кој го обработува, какви се при-



Савио пред картата на Италија

**Секој лозар е задолжен да се регистрира во овој систем доколку сака своето производство да го продава на пазар. Ова е европска регулатива, но сега е обврска и во Македонија**

## Светско искуство во производство на вино

Северио Савио е магистер по земјоделски науки и положен државен испит по земјоделство во Италија. Овој сопственик на фарма во близината на Сиена произведува вино, маслинки и има капацитети за рурален туризам. Неговото искуство го води на работа во многу држави низ Африка, Индонезија, а работи и како консултант на Европската комисија за идентификација и развој на проекти, главно во Латинска Америка. Од 2004 година е во Македонија и работи на примената на проектот финансиран од ЕУ: „Национален систем за мониторинг и управување на лозови насади“, фаза 2.




# а подобра
# ектор



носите, што се произведува, што од тоа е за на пазар, што е прикажано во декларацијата. Освен тоа, доколку земјоделецот се регистрира во системот, може да конкурира за добивање пари од ИПАРД програмата.

**• Македонските граѓани, традиционално, дома прават ракија. Според правилата на ЕУ, тие нема да можат тоа да го продаваат на пазар. Што е потребно за еден ситен земјоделец да го пласира својот производ на пазарот?**

Според прописите, процесот на дестилација мора да биде одвоен од капацитетот за производство на вино. Сепак, Унијата се обидува да ги зачува и традиционалните производства. Круцијално е да се зачува здравјето на потрошувачите. Затоа, моја сугестија е да се произведува на традиционален начин, којшто ќе биде признаен и заштитен, но притоа мора да се најдат механизми за заштита на здравјето на потрошувачите оти процесот на дестилација може да биде многу опасен и мора да се контролира. Ова е обврска на Дирекцијата за храна при Министерството за здравство. Од една страна, мора да се докаже дека ова производство е традиционално, а од друга страна, да се зачува здравјето на оние што го конзумираат производот.

**• Во Македонија има многу нерешени имотно-правни односи меѓу сопствениците и оние што ги обработуваат лозјата. Како успеавте да ги евидентирате сопствениците на насадите?**

Во принцип, не гледаме кој е сопственик на насадот, туку кој е производител, т.е. корисник во моментот на регистрација. За европската регулатива е важно да се контролира она што се пласира на пазарот. Пример, не се грижиме за производителите на мали количества и за свои потреби. Но, ако продаваат на пазар, колку и да се мали, мора да се регистрираат. Земјоделците имаат обврска да го пријават својот лозов насад во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Доколку насадот е нов, тогаш сопственикот е должен, во рок од еден месец, да го пријави во ресорното Министерство. Всушност, сите лозја во државава се ставени во систем. Направена е сателитска фотоинтерпретација за тоа каде во земјава има лозови насади и со неа се покриени 95% од производителите на вино. Имавме кампања преку која се повикуваа земјоделците да се регистрираат. Локалните службеници, исто така, одеа од село в село и ги информираа земјоделците за регистрацијата. Во „првичната декларација“, како важен документ, се кажува кој е производителот, колку површина обработува, кој тип грозје и каков производен потенцијал има. Всушност, тоа е плафонот што земјоделецот може да го произведе. Таа не се прави секоја година, туку на почетокот на регистрацијата и само доколку се случат одредени промени во насадот. Друг важен документ е Декларацијата за берба, која е важна за производителот и за винариите. Тие треба да поднесуваат годишни декларации за производство. Земјоделецот, без разлика каде живее, мора своето производство да го донесе за продажба. Тогаш, на самото место ќе се пополни декларацијата за берба. Ова, всушност, е практичен модалитет за решавање на проблемот.

Коментари на e-mail:
todor.stojcevski@media.ffrm.org.mk

## Дали лозарството и тутунопроизводството се двата извозно-ориентирани сектори за земјава?

И двата сектора се проблематични, гледано на глобално ниво. Пазарот во светот е заситен од евтини и квалитетни вина. Во овој случај, Македонија е мал производител со 25 илјади хектари лозје. За споредба, провинцијата Трапани во Италија има сто илјади хектари лозови насади. Комплицираноста доаѓа оттаму што имате мало производство кое не може да го продадете. Мора да најдете добар сооднос меѓу цената и квалитетот. Во Европската Унија може да купите одлично квалитетно вино за пет евра, иако цената не е доказ за неговиот квалитет. Македонија, исто така, има проблем да премине од доминантно наливно во квалитетно вино во шишиња. Има традиционални регионални пазари кои полесно може да се доразвијат и да се зголеми присуството. Од друга страна, не гледам многу лоша иднина за лозарството, посебно кога е „помодарство“ секој да прави вино. Но, тешко се прави квалитетно вино, а тоа се одвива постепено, без квантен скок.

ProCredit Bank



Штедиме со план!

# БОНУС Штеден план

камата и плус бонус
за редовно штедење

Contact Center Service

02 / 2446 000
www.procreditbank.com.mk

# ИПА - подготовка за европските фондови

## Петте компоненти на ИПА се тест и шанса Република Македонија да се провери како ќе ги користи структурните и други фондови на ЕУ како полноправна земја-членка на Унијата

Пишува:
Мартин Трајчев,
претставник на
ФФРМ во Брисел

Фондовите на Европската Унија за периодот од 2007-2013 година се клучни за приспособување на Република Македонија за членство во Унијата. Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА) е формиран да овозможи идните земји-членки да ги користат фондовите на Унијата наменети за членките. Петте компоненти на ИПА се тест и шанса Република Македонија да се провери како ќе ги користи структурните и други фондови на ЕУ како полноправна земја-членка на Унијата.

Главна цел на **Европскиот фонд за регионален развој** е да ги зајакне економската и социјалната кохезија во ЕУ преку намалување на нееднаквоста на степените на развој на регионите во Унијата. ЕФРР е финансиски најобемниот фонд со три главни цели: приближување, регионална конкурентност и вработување и европска територијална соработка. Со овој фонд се финансираат:

- директна помош за инвестирање во компании, особено мали и средни претпријатија, за создавање на одржливи работни места (регионална конкурентност и вработување)
- инфраструктури поврзани со истражување и иновации, телекомуникации, животна средина, енергија и транспорт (приближување)
- финансиски инструменти (инвестициски и развојни фондови) за локален и регионален развој (европска територијална соработка)
- мерки за техничка помош

Република Бугарија, на пример, во овој период е планирано да биде корисник на повеќе од две милијарди евра.

Средствата од **Европскиот социјален фонд** се, главно, насочени кон подобрување на условите на пазарот на труд и зголемување на вработеноста во ЕУ. Средствата се наменети за региони и земји-членки каде што има евидентен застој во економскиот развој - главен акцент се става на регионите каде што бруто-домашниот производ е понизок од 75% од просекот на Унијата. За периодот од 2007-2013 се предвидени 75 милијарди евра за користење во рамките на овој фонд. Корисници на преку 75% од овие средства ќе бидат младите.

**Кохезивниот фонд** е основан уште со самото основање на Европската економска заедница и е инструмент за финансирање на проекти за трансевропски транспортни инфраструктури и животна средина. За разлика од структурните фондови, КФ функционира на национално (а не и на регионално ниво) и се однесува, главно, на земји-членки чиј БДП е под 90% од просекот на Европската Унија. Словенија, на пример, за периодот од 2007-2013 ќе биде корисник на преку четири милијарди евра за проекти од горепоменатите области.

Од областа на земјоделството, најрелевантни **се Европскиот фонд за гаранции во земјоделството** и **Европскиот земјоделски фонд за рурален развој**. Првиот ги финансира директните плаќања за земјоделците и мерките кои ги регулираат пазарите, како што се интервенциите и извозните субвенции (како новововедените субвенции за извоз на млеко). Со вториот, за периодот од 2007 до 2013, е предвидено со 90 милијарди евра да се финансира руралниот развој во Европската Унија (2,6 милијарди евра за Бугарија, 900 милиони евра за Словенија итн.) преку поддршка за подобрување на конкурентноста на земјоделството и шумарството, заштита на животната средина, подобрување на животниот стандард и диверзификација на економските активности во руралните средини.


Пари има ама како до нив?

Овие фондови би ѝ биле достапни на Република Македонија доколку денес стане членка на ЕУ. Безбедно е да се очекува дека по 2013 година, голем дел од европските фондови ќе останат на сила (иако видоизменети) и Македонија ќе може да ги користи откако ќе пристапи во полноправно членство. Во меѓувреме, императивно е нашето внимание да го насочиме кон оптимално искористување на средствата што ни се ставени на располагање преку Инструментот за претпристапна помош и неговите пет компоненти. Тие се дизајнирани да кореспондираат со некој од Европските фондови од овој текст. На пример, компонентата бр. 5, која се однесува на руралниот развој, соодветствува на пост-пристапните рурални фондови, а компонентата 4 е многу слична со Европскиот социјален фонд. Третата компонента одговара на Европскиот фонд за регионален развој итн. Оттука, велиме дека ИПА фондовите се шанса, но пред сè, тест за Република Македонија за приклучување кон Европската Унија.

**Во овој број ги образложуваме намерите и целите на главните европски фондови кои се на располагање на земјите-членки на ЕУ за периодот од 2007 до 2013 година. Тоа се: Европскиот фонд за регионален развој (ЕФРР), Европскиот социјален фонд (ЕСФ), Кохезивниот фонд (КФ), Европскиот фонд за гаранции во земјоделството (ЕФГЗ) и Европскиот земјоделски фонд за рурален развој (ЕЗФРР).**



Ниските откупни цени на млекото ги однесе в кланица

## Економската криза - шок за трговската размена

### Србија

Економската криза влијае врз трговската размена со државите-потписнички на договорот ЦЕФТА, информираат од Министерството за трговија и за услуги на Република Србија. Според министерот Слободан Милосављевиќ, ефектите од кризата се манифестираат со смалување на побарувачката на извозно најзначајните пазари за нашиот северен сосед, а тоа се државите од ЦЕФТА. Затоа, српската влада ќе донесе одред-

## Кланичарите купуваат млечни грла

### Србија

Производната цена на литар млеко е 32,52 динари, соопштија фармерите од Војводина и повторниот пад на цената предизвикува тешкотии за фармерите. Затоа, тие ги продаваат млечните грла во кланичната индустрија. Со тоа, фармерите сè повеќе исчезнуваат од сточната карта во Србија. Во моментов, во оваа држава има 40.000 високомлечни и уматичени грла, но тој број ќе се намали поради високите цени, големите трошоци и несигурноста на пазарот.

И бројот на одгледувачи на грла и добавувачи на млеко сè повеќе се намалува. Според големите производители на млеко, уништена е целата линија на добавување на млеко и според нив, последиците допрва ќе се почувствуваат. Југослав Димитриевиќ, претседател на Централната асоцијација на млекопроизводители на Војводина, вели дека во ЕУ не постои монопол над млекарниците бидејќи тие се во сопственост на фармерите. Исто така, ситуацијата ја усложнува тоа што производителите не ја знаат премијата за оваа година и начинот на нејзина исплата. Некои фармери бараат државата да изгради капацитет за доработување на суровото млеко, бидејќи постои интерес за извоз на квалитетното српско млеко во соседството и во Италија. Со тешкотии се соочуваат и фармерите кои земаат кредит и кои купуваат храна на пазар.

## Дезориентираните пчели не се враќаат во кошниците

### Хрватска

Пчелниот фонд од Долномеѓумурското подрачје во Хрватска кое минатата сезона претрпе угинување во текот на зимскиот период од 30 до 100 проценти. Оваа состојба претставува избежна тема на тамошните пчелари. Според клиничката слика и описот на однесувањето на пчелите предизвикувачи се хемиски материи. Кое се докажа на институти во Франција, Германија, Италија и Данска,оваа состојба е предизвикана од контаминација, односно по 20-минутна контаминација пчелитет стануваат хиперактивни. По 40 минути пчелите стануваат анемични, летаат без орентација и кога ќе излетаат од кошницата повеќе не се враќаат во неа.

Од вкупно 838, исчезнале 528 кошници во долномеѓумурското подрачје. Затоа, треба да се има предвид дека пчелите се загрозени и мора да се заштитат за да не дојде до нивно целосно исчезнување.

Во светски рамки, постојат разни теории за поморот. Според некои, поморот е предизвикан од разни вируси, според други, причината е глобалното затоплување, а пак, некои сметаат дека зрачењето на мобилните телефони, далекуводите и ГМО храната се причина за поморот.

## Се продлабочува недостигот на храна

### ФАО

Агенцијата за храна и земјоделство на ООН, ФАО и Министерството за земјоделство на Шпанија велат дека светот се соочува со недостиг на храна. Според информациите на весникот Finacial Times, од состанокот кој се одржал при крајот на јануари во Шпанија, најголема опаснсот во производството на храна претставуваат климатските промени, поконкретно, снемувањето вода кај обработливите

## Сушата ги „запали“ цените на пченицата

### Кина

Цената на пченицата се зголемила откако најголемиот светски производувач, Кина, објави дека поради сушата се оштетени нивните зимски посеви. Исклучително сувите услови, ретко видени во историјата на оваа земја, можеби и најлоши во последните педесетина години, оштетиле речиси половина од зимските посеви со пченица во најродните кинески провинции, во подрачјето меѓу Пекинг и реката Јанг Це. Освен тоа, се очекува забавување на жнеењето и на другите пролетни култури, велат од ресорното министерство за земјоделство. Минатата година, Кина посеала околу 24 милиони хектари, а од сушата се загрозени околу 10 милиони хектари. Исто така, посевите со пченица се нападнати и од други епидемични заболувања кои се проширувааат поради сушата. Тензијата и негативната ситуација ја усложнуваат и луѓето кои продаваат лажни пестициди. Но, освен пченицата, Кинезите имаат проблем со вода за пиење. Околу 4,3 милиони луѓе и 2,1 милион грла крупен добиток не можат да дојдат до чиста вода за пиење. Загрозени ќе бидат

би за користење средства за поттикнување со цел да се намалат ефектите од светската економска криза врз земјоделството во Србија. „Правиме сè да ги задржиме пазарите, да му помогнеме на домашното земјоделство, но исто така и да им помогнеме на потрошувачите од овие држави да ги купуваат нашите производи", објаснил Милосављевиќ. Оценувајќи дека постои тешка, долготрајна и неизвесна битка, министерот ги уверил граѓаните на Србија дека нивната држава ќе ја преброди кризата со минимални негативни последици за земјоделството, ќе го зачува животниот стандард, работните места и куповната моќ на граѓаните.

# Субвенционирање за извоз на млечни производи

**Европска Унија**

Субвенциите за извоз што ги дава Европската Унија ќе се исплаќаат и понатаму за европските извезувачи да бидат присутни на светскиот пазар. Притоа, повторно се воведуваат и субвенциите за извоз на одредени млечни производи по јуни 2007 година. Ваквата одлука е резултат на сериозната ситуација на пазарот на млеко и млечни производи, предизвикана поради драстичниот пад на цените на производите. Унијата, потполно, ќе ги почитува ограничувањата на субвенционирани извози, поставени од Светската трговска организација. Комисијата ќе продолжи да ја надгледува состојбата на пазарот и ќе ги прилагоди рефундирањата според потребата. Мерката ќе важи сè додека тоа го диктираат условите на пазарот. За собраното млеко во прав (СМП) се прифатени тендери за вкупно 5.612 тони со максимално рефундирање од 200 евра по тон (од вкупно тендери за 15.172 тони). За путер (со 82 проценти масти) тендери за 2.299 тони со максимум рефундирање од 500 евра по тон (од вкупно тендери за 9.566 тони). За путерното масло, тендери за 80 тони со максимум рефундирање од 580 евра по тон (од вкупно тендери за 980 тони). Истовремено, утврдени се и пониски стапки за постоечките рефундирања (стапките на рефундирање според кои ќе се направи извозот помеѓу редовните тендери). Стапките беа 170 евра за тон СМП, 450 евра за тон путер, 260 евра за тон млеко во прав и 220 евра за тон сирење.

површини. Недостигот на вода и енергенси ќе доведе до зголемување на цените на храната. Со тоа ќе се зголеми финансиската криза и гладот во светот. Од друга страна, сè повеќе расте цената на земјоделските производи во последните месеци, поради лошата жетва во САД и во Европа, како и сушата во Бразил и Аргентина. На пример: цената на пченицата, од декември лани до крајот на јануари, пораснала за 15%, на пченката за 17%, а на сојата за 22 проценти.

# Намален приносот на жито за 6,5 проценти

**Бразил**

Приносот на житото во Бразил ќе биде намалено за 6,5% поради минатогодишната суша, велат од ресорното министерство за земјоделство. Според нив, производството на жито, годинава, ќе биде 134,6 милиони тони наспроти ланската берба од 144,1 милион тони. Од ова, родот на пченка е 14,2%, а сојата е застапена со со 4,7%. По САД, Бразил е втората земја според производство на соја. Од сушата, најпогодени се и други области Рио Гранде до Сул, Санта Катарина, Парна и Аргентина. Поради ова, најверојатно, растат и цените на сојата и на пченката. Бразил го проценува своето производство на 52.3 милиони тони, односно два милиони тони помалку од лани. Но, овој недостаток ќе го компензираат САД, каде што поради смаленото производство на етанол се очекува зголемување на залихите.



Поради сушата, оштетени зимските посеви со пченица

уште милион луѓе поради финансиската криза, а околу 20 милиони мигранти останале без работа. Доколку Кинезите, кои исто така се и најголеми потрошувачи, ја потрошат својата резерва со пченица, останува да затропаат на американските врати, велат некои аналитичари. Помалку пченица, според нив, значи и помал простор за ублажување на потенцијалните удари на глобалниот пазар, што би довело до тоа и други држави да ја побараат американската пченица. Сепак, според други размислувања, доколку се преземат итни мерки за наводнување, штетата може да се спречи на помалку од 2,5 проценти од годишното производство. Исто така, кинеските залихи на пченица се околу 60 милиони тони, што е повеќе од половина годишно производство (лани 112 милиони тони). Постојат и аналитичари кои велат дека сушата и растот на цената на пченицата се добра новост, дури и во Кина. Односно, поради прениските откупни цени, многу фармери решиле да штедат на време, труд и трошоци кои се сврзани со наводнување. Според некои проценки, земјоделецот требало да вложи два долара за да заштити род кој вреди само долар. Освен тоа, фармерите имаат многу голема залиха, околу 900 илјади тони, која досега никој не сакал да ја купи.

Коментари на e-mail:
blagojche.najdovski@media.ffrm.org.mk



Многу предуслови за квалитетен род

Со оглед на тоа дека стеблото на маслинката многу години останува на едно место, треба да се посвети посебно внимание на подготовката на површината

# Избор на локации и подготовка на површина за садење

На подрачјето на општина Валандово е застапена на околу 15 ха и во 2008 година беа набрани првите поголеми количества. Таа може успешно да се одгледува на соодветни микролокации, заштитени од ветерот

Локациите за подигнување насад за маслинка се одредуваат врз база на расположливото земјиште, влијанието на доминантните ветрови и водо-воздушниот режим во почвата. Затоа, маслинката треба да се сади на јужни експозиции, на растресити и оцедни почви. Со оглед на тоа дека стеблото на маслинката многу години останува на едно место, треба да се посвети посебно внимание на подготовката на површината.

• **Чистење на теренот** - потребно е да се исчисти целиот коров, грмушки, дрвенести култури и да се израмни површината.

• **Мелиоративно ѓубрење** - за да се зголеми плодноста на почвата, на основа на агропедолошка анализа, се додава НПК минерално ѓубре во сооднос 10-20-30.

• **Риголовање и длабоко орање** - со трактор, со поголема моќност, се врши риголовање на длабочина од 50 до 80 см. Со тоа се продлабочува ораничниот слој на почвата, се регулира водо-воздушниот капиларитет. Ова е предуслов за интензивно производство.

• **Садење** - најчесто се врши во правец север-југ. Растојанието помеѓу редовите и помеѓу садниците во редот е различно и може да биде 7x5 или 6x4 метри. На еден хектар се садат 300-400 маслинови стебла во интензивно производство.

• **Избор на сорта** - зависи од можноста за успешно одгледување и можноста за набавка на квалитетен и сертифициран саден материјал. Постојат повеќе од 300 сорти. Тие се поделени во две групи: сорти за консумација и сорти за производство на маслиново масло (облица, асколано, никитска, кримска, амфиса, каламата). Во Македонија, водечка сорта е халкидишка. Во насадот со маслинки потребно е десет проценти од стеблата да бидат опрашувачи.

• **Садење** - се врши наесен или рано напролет. На подготвена површина се копаат дупки со соодветни димензии. На дното се става 200 грама минерално ѓубре НПК 7-14-21. Потоа, во дупката се додава нова земја (10-15 см), зависно од длабочината на дупката и грижејќи се кореновиот врат на садницата да биде засаден како што растел претходно. Садницата се врзува за колец, се затрупува со остатокот земја и добро се нагазува. Во дупката може да се додаде прегорено арско ѓубре и 150 грама КАН 27%.

• **Нега на насадот** - успехот на насадот зависи од негата на садниците во првите години. Доколку не успееме



Локацијата важна за садење

да инсталираме систем за наводнување, тогаш ќе мора редовно да се полева. Ова е потребно и во втората вегетациска година, додека маслинката не развие доволен коренов систем. Обработката на почвата треба да се врши на цела површина на маслинарникот, да се ѓубри со арско ѓубре и КАН и НПК ѓубре. Во следните години, до првиот род во петтата година, количеството на ѓубре се зголемува. Во текот на летото, кога имаме сушен период, се врши плитка обработка на почвата заради уништување на плевелите и одржување на влагата во почвата. Насадот редовно се ѓубри секоја година, зависно од плодноста на почвата, староста на овошките и планираната родност. Маслинката бара оптимални количества основни елементи (азот, фосфор, калиум, калциум, магнезиум, железо и сулфур), како и микроелементи во помали количества (бор, бакар, алуминиум, цинк, јод, хлор, манган, молибден, силициум и натриум). Сите наведени микро и макроелементи мора да бидат застапени во доволни количества и меѓусебен сооднос: ѓубрење со прегорено арско ѓубре (10 т/ха наесен), зелено ѓубрење, редовно годишно ѓубрење (150 кг/ха N, 60 кг/ха П2О5, 100 кг/ха К2О наесен или напролет). Есенско ѓубрење (НПК 6-18-36, два килограма по родно стебло).

Пролетното ѓубрење (УРЕА 46% N, два килограма по стебло).

Дополнително ѓубрење - прихрана (УРЕА 1 кг на 100 литри раствор, при заштита во мај или јуни).

• **Наводнување** - за одржување во живот, оплодување и плодоносење, маслинката бара оптимални количества влага во почвата и во воздухот. Таа формира цветни пупки на едногодиши гранчиња. Ако во претходните години овошката не формирала пупки, тогаш не може да се очекува род. Наводнувањето може да биде капка по капка или со микрорасппрскувачи.

• **Резидба** - со резидбата се создава рамнотежа помеѓу порастот и родноста на овошката, помеѓу лисната површина со останатите услови кои придонесуваат за поефикасна фотосинтеза и однос помеѓу капацитетот на корeновиот систем и надземниот дел на овошката. Умерениот вегетативен пораст носи добар род и меѓу останатите фактори се регулира со резидбата. Основна цел при резидбата е што повеќе да се продолжи фазата на силна репродуктивна и умерена вегетативна активност, односно маслинката добро и што подолго да раѓа. Има повеќе видови резидба: резидба во одгледување, формирање на круна, резидба на род и резидба при подмладување и регенерација. Во однос на периодот на извршување на резидбата (ноември и декември - по бербата) се отстрануваат непотребните и оштетените гранки. Во јануари и почетокот на февруари се врши резидба со цел да се обнови круната и регенерацијата на овошката, се отстрануваат водопиите и непотребните гранки или целите стебла. Во март, по дефинирањето на пупките, се врши резидба на родот. Таа се врши со овоштарски ножици, електрични или моторни пили. По завршувањето на резидбата, потребно е раните да се премачкаат со овоштарски восок или паста.



Попов на терен со земјоделците



Многу сорти и во Македонија

• **Заштита на маслинката** - оваа овошка ја напаѓаат многу штетници и растителни болести, од кои стопански најзначајни се: маслиновата мува, маслиновиот молец, црниот медич, црната вошка, рак на маслинката, сива пегавост (пауново око) и гареж. Програмата за заштита на маслинката се спроведува според стручни совети, зависно од временските услови, јачината и видот на штетникот, односно интегрирана заштита или еколошка заштита, во зависност од начинот на производство. Заштитата треба да се спроведува во соработка со стручните служби за заштита на растенијата.

• **Берба на маслинката** - бербата се изведува кога плодовите ќе постигнат целосна пигментација, бидејќи тогаш содржат најголемо количество масло, а воедно се и најквалитетни. По потреба, бербата се извршува во повеќе наврати, зависно од дозревањето. Бербата се извршува рачно или со употреба на машина-тресач, која ги тресе целите гранки и стеблото. Притоа, плодовите паѓаат на простирка поставена под крошната. По бербата, ако се работи за трпезни сорти, се врши брзо конзервирање на плодовите, а ако се работи за сорти за производство на масло, тие веднаш се преработуваат. Зрелите плодови маслинка содржат 40-45% вода и 18-25% масло, во зависност од особината на сортата. Амбалажата за чување на плодовите или маслото треба да биде од пластика или од стакло, со темна боја и таа мора да биде беспрекорно чиста. Садовите во кои се наоѓа маслото треба добро да се затворат, без присуство на светлина. Од складирањето до продажбата температура мора да биде уедначена.

**Дипл.инж. Нико Попов, советник во АПРЗ Валандово**

## Маслинката во светот

Вкупниот број маслинови стебла во светот се движи околу 800 милиони на над 10 милиони хектари, од кои поголемиот дел се за производство на маслиново масло (над 1,3 милиони тони) и над 500 илјади тони консумни маслинки. Најголеми производители се земјите покрај Средоземното Море: Шпанија и Италија, потоа следуваат Грција, Турција, Тунис, Португалија, Мароко, Либан, Израел и други држави. Во Македонија, како поединечни овошки, е позната од одамна. Поинтензивно ширење на маслинката во плантажни насади има во периодот 2000-2001 година во југоисточниот дел на земјата (Валандово, Дојран, Гевгелија) и веќе е засадена на околу 50 ха (од кои во валандовско на околу 15 ха).

**Austin LTD**

**Ексклузивен дистрибутер на системи за наводнување**

## John Deere Water Technologies

**Дистрибутер на течни вештачки ѓубрива Алкалоид**


**Телефон: 070 637637**
**Адреса: Тоде Думба 56а Куманово**
E-mail: austin@t-home.mk
Web: www.johndeerewater.com
Web: www.t-tape.com
Web: www.plastro.com


JOHN DEERE WATER TECHNOLOGIES

T-Tape

PLASTRO

ALKALOID SKOPJE







Траки за подземно наводнување







Системи капка по капка Шпагети







Системи против мрзнење



Фогери



Системи за мониторинг, анализа и фертигација




БАЛКАН БИОСЕРТ

АГЕНЦИЈА ЗА КОНТРОЛА
И СЕРТИФИКАЦИЈА НА
ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИ,
ПРЕРАБОТКИ И ПРОМЕТ

ЕДИНСТВЕНА АКРЕДИТИРАНА
ВО МАКЕДОНИЈА И ОВЛАСТЕНА ОД
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

ул. Даме Груев бр. 5-8/9 Скопје
тел./ факс 02/3239 239
e-mail: balkanbiosert@t-home.mk



# Колење в кланица, квалитет на пазар

**Во земјите-членки на ЕУ не се забранува колење на животни во домашни услови, ниту производство на вино и ракија за домашни потреби. Сепак, колењето мора да биде в кланица, а секој производ којшто ќе се најде на пазарот мора да ги задоволи стандардите за квалитет и за безбедност**

Пишува:
Силвана Јованова

Дали ќе биде забрането или не колењето животни во домашни услови или правењето домашно вино и ракија е прашање со кое се соочија балканските земји кои претендираат да бидат членки на европското семејство. Новите законски регулативи и рестрикции предизвикаа револт и страв кај индивидуалните земјоделци. Кај експерите, мислењата се поделени. Едни велат - тешко е да се искорени традицијата, оти не сме подготвени за промени, а оние промени кои се наметнуваат како на земја-кандидат за влез во ЕУ ќе се одразат лошо на нашата економија. За други, со реформите што ќе мора да ги спроведеме ќе го подигнеме квалитетот на производство, ќе станеме конкурентни на европските пазари, а со поддршката што ќе ја добиеме од Унијата, во однос на финансии, едукација и лобирање, преку земјоделството ќе успееме да изградиме стабилна и цврста економија. Но, за македонскиот граѓанин, кој со векови одгледува овци или обработува лозје само за да го прехрани семејството, мислењата на експертите не значат многу. Нему единствено му е важно трудот што го вложува да вроди со квалитетни производи од кои ќе заработи. За многу македонски семејства, домашното производство е начин да се надополни скромниот семеен буџет, но за голем дел од нив тоа, всушност, е и единствениот начин на егзистенција. Чичко Бојо од скопско Ново Село вели дека со децении го прехранува семејството со скромното стадо од седумдесетина овци. Ги чува во штала во дворот. „Немам пари, ниту услови за нешто подобро, а сакам, доколку можам, да ги подобрам стандардите“, вели Бојо. Тој се плаши дека државата ќе му го земе стадото, ќе плаќа даноци и казни. Неинформираноста за реформите, кои по примерот на другите земји-членки на ЕУ, ги спроведува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство предизвикува страв и недоверба и кај други земјоделци. Семејството Николовски од Скопје веќе еден век произведува домашно вино и ракија. Никола Николовски вели дека тоа е традиција, останата од дедо и прадедо. Има два декара лозје од кои годишно добива околу 400 литри вино и 100 литри ракија. Произведува за себе, но и продава на роднини и на пријатели. Знае дека со новите закони, она што го произведува во домашни услови не смее да го продава на пазар. Знае и дека мора да биде регистриран, неговите производи да бидат контролирани, да имаат соодветна маркица за потеклото и за безбедноста, но вели дека колку што вложува во лозјето, толку и добива. За него, домашното производство многу повеќе е семејно наследство. „Да се заколе јагне за Божиќ, прасе за Велигден, да се наздрави со семејството и пријателите со домашно вино или ракија е дел од македонската традиција. А, може ли некој да ни ја одземе традицијата?“, прашува Николовски.

### Традицијата е основа за инвестирање во руралниот развој

Во земјите-членки на ЕУ, традицијата е основа за инвестирање во руралниот развој. Не се забранува одгледување на домашни животни, ниту производство на домашно вино и ракија за домашни потреби. Но, секој производ којшто ќе се најде на пазарот мора да ги задоволи стандардите за квалитет и, пред сè, за безбедна храна, вели Александар Николовски, в.д. раководител во Одделението за европски интеграции во областа на земјоделството и храната при Владата на Република Македонија. Во рамките на Европската Унија, токму преку степенот на развиеност на аграрот се мерат општествените вредности на земјата. Секоја земја која е дел од европското семејство има имиџ на бо-



Може да се произведува, но и да се консумира само дома

гата земја онолку колку што има сопствено производство на храна. Затоа и не е случајно тоа што во ЕУ, секоја година, се одвојуваат и до 50 проценти од буџетот за поддршка на земјоделството. Но, производство на храна за домашни потреби е едно, а за пазар е нешто сосема друго. Основниот проблем кај нас е во тоа што меѓу овие два вида производство (за домашни потреби и за на пазар) тешко може да се повлече граница. „Минатата година донесовме закони кои се во согласност со хигиенскиот пакет на регулативи од ЕУ. Меѓу другото, донесовме и Закон за благосостојба на животното и Закон за хумано колење. Тоа подразбира на животното да му се обезбедат основните хигиенски услови, а при неговото колење да не се загрози животната средина", вели Николовски. Но, во практика, телите мора да сфатат дека за земјите од Унијата пресудна е безбедноста на купувачот при изборот на храна. Според Николовски, кај нас многу често граѓаните сами бараат домашно месо, правдајќи се дека тоа е поквалитетно, посвежо и, секако, поевтино, но во тој случај одговорноста ја сноси оној кој го продава. Останува фактот дека недостига поголема едукација на земјоделците и поголема екипираност на теренот. „Факт е дека немаме доволен број инспектори кои, реално, ќе бидат на терен и по 24 часа. Но, и да успееме да го направиме тоа, ако сакаме да ги промениме нештата, мора да ги натераме земјоделците да ги сфатат придобивките од производство на контролирана, квалитетна и безбедна храна", вели Николовски.


Пазарот бара квалитетно месо и колење в кланица

овие закони не функционираат во целост. Често пати, постои разбирање за социјалната положба на индивидуалните производители и затоа им се прогледува низ прсти. Но, од друга страна, недостигаат и подзаконски акти кои точно ќе ги прецизираат одговорноста што ја има производителот и онаа што ја има државата, велат од Управата за ветеринарство. Според ЕУ, „здраво животно е секое обележано животно коешто потекнува од фарма, контролирана од ветеринарен инспектор". Секое друго животно не значи дека е болно, но е сомнително за употреба, надополнуваат од Управата. Со примената на HACCP (ХАССП) стандардите во однос на сточарството, се гарантира квалитетот на месото. Се обележува секое животно, му се издава лична карта и пасош коишто ги содржат информациите за потеклото и квалитетот, а во кланиците, на секое грло постаро од 30 месеци, му се испитува присуство на БСЕ. Сето тоа не може да се прави во домашни услови, истакнуваат ветеринарните инспектори. Производи-

### Извезуваме без никакви проблеми

Од постоечките 3.800 сточарски субјекти, само три проценти го воведе ХАССП стандардот, а речиси 80% од годишното лозаропроизводство е наменето за извоз, вели професор Михаил Петков од Факултетот за земјоделски науки и храна. „Без никакви проблеми извезуваме во ЕУ, дури и во САД. Ги задоволуваме сите стандарди по однос на сортиментот и квалитетот на виното. Македонија има сортна листа по региони и виногорја изработена на светско ниво. Сепак, сè уште не сме на европската винска карта, иако последниве неколку години се појавија неколку мали винарии кои покажаа дека традиционалното, домашно производство на вино може да се издигне на ниво на семеен бизнис", вели професор Петков. Според него, винариите сфатиле дека традицијата може да се искористи за да се создаде квалитетен производ кој ќе биде конкурентен на европските пазари. Индивидуалните производители треба да го следат овој пример. Во Македонија има семејства кои со векови произведуваат домашно вино и ракија, но кој гарантира дека нивното производство е квалитетно и безбедно, прашува Петков. Според него, само доколку производителот е регистриран, државата ќе може да му обезбеди контрола на квалитетот, ќе потврди дека неговите производи се безбедни за употреба и, на крајот, тој производител ќе може да ги користи зголемените субвенции.

Коментари на e-mail:
todor.stojcevski@media.ffrm.org.mk


Се обезбедува квалитет и извоз на домашна ракија


Паоло Феручи, директор на ИЧЕ, го почнува кроењето


Министерот Спасеноски доделува награди

# Закроено, флаширано, наградено


Дизајн на амбалажа за ракија


Наградено вино


Штанд со вино

КРАТКО Тони Киранџиски, раководител на сектор за здравствена заштита на животните

## Неправилна вакцина - абортус кај овците

„Добар дел од абортусите кај гравидните овци е резултат на неправилното користење на вакцината против бруцелоза“, признава Тони Киранџиски, раководител на секторот за здравствена заштита на животните при Управата за ветеринарство. Сепак, според него, има и угинувања кај јагнињата во штипскиот регион кои се резултат на други болести.

По земањето мостри (според секоја пријава на теренот) и по извршените испитувања во домашни лаборатории, како и во референтната лабораторија на Светската здравствена организација (ОИЕ) во Израел, констатирано е дека угинувањето е резултат на неправилната примена на вакцината.

Сите резултати и епидемиолошки податоци се упатени до Владата од каде се очекува одлука околу обештетувањето на сточарите, формирањето Комисија за обештетување, како и начинот на обештетување на сточарите кои имаат загуби, вели Киранџиски.

Т.С.



Не штедете на квалитетна храна - влијае на здравјето на добитокот

**Заштедата на сточна храна може да го чини производството и да влијае на здравјето на животните. Не заборавајте секогаш да ја тестирате сточната храна и трудете се да ги запазите оброците, за да ги надополните неопходните хранливи состојки кои недостигаат**

# Она со што ги храните овците, не е секогаш тоа што тие го јадат

Пишува:
Алекс Питер Мулен

Овчарите понекогаш размислуваат да воведат невообичаена сточна храна - канола, тревна слама, млади тополови дрвца, па дури и плевел собран покрај патот! Некои од овие билки ќе поминат, но некои не. Сепак, една работа е сигурна: заштедата на сточна храна може да го чини производството и да влијае на здравјето на животните. Не заборавајте секогаш да ја тестирате сточната храна и трудете се да ги запазите оброците, за да ги надополните неопходните хранливи состојки кои недостигаат. Сточната храна која има недостиг на енергија, протеини, калциум или витамин А може да заврши со сериозни загуби во поодминатата фаза на гравидитет и при ојагнување.

### Кои се клучните фактори што влијаат на тоа колку ќе јадат овците?

Колку е повисок квалитетот на сточната храна, таа зафаќа помалку место и овците повеќе ја јадат. Послабиот квалитет, како и сточна храна со повеќе влакна, слама и зимзелени растенија, зафаќаат поголемо место во стомакот. Овците нема да изедат ништо повеќе ако нивниот стомак е полн. Понекогаш, отпадот во сточна храна не е поради овците, туку поради слабиот квалитет на сточна храна. Друг клучен фактор е количеството на сточната храна? Парчињата? Овците преживаат за да ја раситнат сточната храна на мали парченца. Кога парченцата се доволно ситни, сточната храна ќе премине од бурагот кон понискиот дигестивен тракт заради варење и, на крајот, се враќа назад (во устата). Нискоквалитетната сточна храна бара повеќе преживање и побавно се вари отколку висококвалитетната сточна храна. Ова го забавува варењето на храната, додека одредени видови сточна храна обично зафаќаат преголем дел од стомакот, а даваат премалку хранливи состојки за да одржат една гравидна овца. Мелењето и ролувањето на фуражните култури го намалуваат времетраењето на преживањето, како и брзината на движење на сточната храна преку бурагот, што го зголемува варењето на храната. Оваа преработка на фуражни култури богати со влакна го опфаќа и мелењето на фуражни култури и концентрати во комплетен мешан оброк.

Други фактори кои влијаат врз варењето:

- Мувлосаната и невкусна сточна храна го намалува количеството на храната што ќе ја изеде овцата;
- Силажата со висок процент на вода, која зафаќа место во бурагот, ќе се консумира помалку. Колку таа е посува, толку е подобра и повеќе ќе се консумира;
- Консумацијата на фуражни култури се намалува кога дополнително се користи жито;
- Консумацијата на фуражни култури зависи од она што се наоѓа на пасиштата за јадење. Во препасените пасишта, што е типично за Македонија, овците ќе го поминуваат најголемиот дел од денот во пасење и обиди да ги наполнат своите стомаци;
- Гравидните овци консумираат помалку храна, бидејќи имаат помалку место во своите бурази;
- Консумацијата на сточна храна, исто така, може да се намали ако јаслите (коритата) се несоодветни;
- Жешкото време, а особено недостигот на вода го намалува варењето;
- Варењето на храната се намалува кога животните се болни или нервозни;
- Условите за возраст и организам се различни кај различните раси на овци.

Разговарајте со вашите фирми за сточна храна, со нутриционист или нутриционистичка служба, дали потполно може да ги разберете нутритивните вредности, заедно со содржината на концентратот на вашата набавена сточна храна? Зошто да се потрошат повеќе пари на концентрат кој НЕ е она што навистина го барате за вашите овци. На пример, ако суровото масло од прецедената канола изнесува 16%, јасно е дека ќе треба да ја разблажите храната за бурагот да не се затвори од премногу маст. Од друга страна, ако концентратот покажува висок степен на калиум, тоа може да биде сигнал дека вашите овци наидуваат на ризик доколку не додадете магнезиум во исхраната. Квалитетот на концентратот што го набавувате е пресуден за успешно комерцијално овчарство. Ако недоволно разбирате што содржи концентратот што го набавувате, тогаш консултирајте се со нутриционистот во вашата фирма за сточна храна.

Коментари на e-mail:
blagojche.najdovski@media.ffrm.org.mk

# Извозниците бараат јагне повеќе

**Многу купувачи од Грција и од Италија веќе се во Македонија во потрага по македонско јагне пред нивните велигденски празници. Сточарите, кланичарите и откупувачите се надеваат на успешна година, односно поголема продажба на домашното јагне. Шпицот на откуп ќе биде при крај на овој месец**

## КООПЕРАТИВАТА ОТКУПУВА ЈАГНЕ

И членовите на овчарската кооператива „Изгрев“ од Берово, повторно како и лани, ќе се вклучат во откупот на јагне од тамошните сточари. Минатата година, Кооперативата откупила 1.200 јагниња, а годинава планира двојно поголем откуп. Ваквата намера, како што објаснува менаџерот на кооперативата, Драган Костовски, ја темелат на фактот што сточарите се повеќе купуваат концентрат за овци, иако не се знае дали сите јагниња ќе бидат продадени или дел ќе се чуваат за подмладок. Тие, исто така, сакаат повторна соработка со кланицата од Ново село, струмичко. Сепак, проблем за оваа кооператива е немањето сопствен камион за транспорт, односно големи давачки за нивно изнајмување. Една тура до кланиците во струмичко ги чини околу 100 евра, а во камионот може да се сместат околу стотина грла. Лани, вели тој, сериозен проблем претставувала и нестабилноста на цените во текот на откупот. Недоволниот откуп на јагне, минатата година, според Костовски е резултат на недовербата на сточарите кон Кооперативата како нова институција на пазарот. Но, поради успешноста при ланскиот откуп и повисоките откупни цени за јагне, оваа доверба е зацврстена. „Како кооператива бевме само посредници при откупот. Ние ги откупувавме од сточарите, друг ги колеше, а трет ги извезуваше на странските пазари“, објаснува Драган. Кога нема откуп, кооперативата произведува и продава сточна храна, има сопствен млин и земја под концесија, а работи и со продавање на сирење од нејзините членови. Дел од членовите се занимаваат со рурален туризам.

## И КЛАНИЦИТЕ РАБОТАТ ТУРБО

Ристо Ристов, сопственик на кланицата во Ново село, веќе го почнал колењето јагниња. Вели дека пласманот на други пазари не е проблем и дека ќе се извезе целото јагне што ќе го откупат од сточарите. Грчките и италијанските купувачи веќе ги напуштиле романскиот и бугарскиот пазар и се вратиле во земјава. „Сепак, проблем претставува тоа што сточарите, минатата година, во текот на еден ден три пати ја зголемуваа цената. Со тоа се урива довербата кај извозникот, иако претходно склучиле договори за продажба по одредена цена. Факт е дека цената се договара двапати неделно поради флуктуација на пазарот, но не е фер таа да се менува три пати дневно. Затоа, италијанскиот газда се повлече и јагнето остана во трлата. Замина во Романија и си купи многу поевтино јагне, иако го сака македонското јагне поради тоа што е попосно“, објаснува Ристов. Повторно, истиот италијански газда од компанијата „Сицилијан“ се вратил на македонскиот пазар за откуп. Според Ристов, идеална цена за откуп на јагнето е 160 до 180 денари жива мера. Оваа цена, вели тој, им одговара и на купувачите и на сточарите. Тој тврди дека годинава ќе се продадат 50 до 70 илјади јагниња помалку од лани поради угинувањето од вакцината за бруцелоза. „Лани се заклаа околу 350 илјади грла во текот на целата година. Јас заклав 30 илјади. Во шпиц сезона, пред велигденските и божикните празници, секоја кланица во земјава, отприлика коле од 20 до 25 илјади грла“, вели Ристо.



Јагнињата чекаат пред кланица

## Сточарите бараат 200 денари за кг. жива мера

Според Тодор Мушевски, претседател на Националниот сојуз на одгледувачи на овци, цената на јагне кое се откупува за Велигден треба да достигне до 200 денари за килограм жива мера поради зголемените трошоци за производство на јагне. Македонското јагне, според него, е квалитетно и затоа се носи на пазарите во Италија. Сточарите од штипскиот регион, според искуствата од минатите години, на овој пазар извезувале околу 20.000 јагниња за овој христијански празник.

Т.С.

земјоделска механизација

# ЕВРО-СТИЛ

БИТОЛА


CHANGFA APOLLO
од 40-90ks
со предна влеча
и хидрауличен волан


FAMAROL
Преса за сено и слама


ÇEL-MAK
ротациона
косачка


TAFE 42 DI


Универзална
редосеалка


MASSEY
FERGUSON
MF240


ОПРЕМА ЗА МЛЕКАРСТВО
И МЛЕКОВОДНИ СИСТЕМИ

ул. Довлеџик ББ
7000 Битола, Македонија
e-mail: evro_stil@yahoo.com
факс. +389 47 236 100

тел. +389 47 233 100

# Пчелари - прегледајте го пчелното семејство

Март го означува почетокот на едно од најубавите годишни времиња за пчеларите - пролетта. Во овој месец, порано или подоцна, климата станува попријатна, времето се затоплува, се зголемува излетувањето на пчелите и се создаваат услови за нивен подетален преглед. Исто така, март го означува буденето на пролетта, со што започнува цветањето на првите медоносни растенија, како што се љубичицата, дренот, леската и слично.

Во почетокот на март мора да се направи првиот преглед на пчелното семејство, за да може навреме да се превземат потребните мерки. Пчелните заедници се обезбедуваат со храна. Доколку нема доволно полен треба да се пристапи кон надополнување, без разлика дали тоа е со селење на пчелите или додавање на погачи збогатени со поленов прав. Леглото треба да се стесни и добро да се затопли, бидејќи времето е променливо и не смее да се дозволи температурата, во близина на леглото, да биде променлива и со големи разлики.

Доколку констатираме слаби друштва, тогаш треба да ги споиме со оние пчелни заедници, каде од различни причини, е константирано дека ја нема матицата. Значи, тоа пчелно друштво треба да го споиме или доколку одговараат температурните услови, да му дадеме резервна матица.

Пред да се зголеми внесувањето на полен и нектар, времето треба да го искористиме за утврдување на присуството на крлежи и се разбира, да се пристапи кон нивно истребување. Ова се константира лесно, бидејќи бројот на пчели е намален, а презимените женки од Varoa, воглавно се на возрасните пчели. Оваа константација, во овој период, е многу важна заради натамошните активности околу истребување на крлежот и затоа не дозволувајте да се пропушти.

Како што рековме, доколку нема доволно храна, односно полен, се додаваат шеќерните погачи обогатени со полен, но треба да кажеме и дека има реони каде што може да се пристапи кон прихранување со сируп во поретка концентрација. Во овој период, пчелите имаат зголемена потреба од вода и затоа неопходно е да се постави поило за вода.

На крај, во март се зголемува љубовта и затоа, при мартовската контрола може да се увиди и ново легло со нови пчели. Во пчеларниците каде состојбата е задоволувачка (крлежот е во контролирана состојба, а навидум се оформило и ново легло, кое претставува кулминација на пчеларското задоволство), пчеларот гледа со оптимизам за наредниот период.

Со еден збор: Пчелари, во март почнуваат активностите во нашите пчеларници. Не пропуштајте ги овие активности.

Ви посакуваме успешна пчеларска година.

**Стручен тим на З.П.З. Напредок**





Да се провери кондицијата на пчелите

# Време е да се развие семејството

**Промената на климатските услови и затоплувањето на времето во март доведуваат до поoбилна појава на нектарска и поленска паша**

Пишува:
Берта Китинска

Со првиот пролетен преглед, треба да се провери состојбата и кондицијата на пчелното семејство во текот на зимата, објаснува Павле Бошковски, пчелар од скопскиот регион. Според него, промената на климатските услови во март доведува до цветање на растенијата и тревите од кои се добива поленска и нектарска паша. "Поленовата паша се користи за развој и за јакнење на семејството во овој период", вели Бошковски.

Прва задача при прегледот на пчеларникот е визуелната проверка, односно начинот на кој пчелите полетуваат и се враќаат на полеталката. Доколку оваа активност е проследена со зуење, како и тешко слетување на пчелите на полеталката, објаснува овој пчелар, тоа е знак дека има паша, нектар и полен кој го даваат пчелите собирачки. Од ова се гледа дали семејството е живо, здраво и витално, вели Бошковски.

Според него, прегледот почнува со студиозна подготовка. Пред се, најважни се временските услови, температурата треба да биде најмалку 15 целзиусеви степени. „Внимателно ја отвараме поклопната даска, палиме디малка со „трат" и задимуваме. Овој дел го покриваме со полиетиленска фолија или платно. Со пчеларскиот нож ги преместуваме рамките, една по една, односно тоа треба да бидат последните рамки од кошницата. Притоа, се чади без непотребно вознемирување", раскажува Павле. Со овој процес се продолжува се додека не се наиде на рамката каде што се појавува леглото. Токму оваа рамка ни дава сознание за состојбата, односно може да се провери дали матицата има пронесено, дали леглото е компактно, кој е неговиот обем и дали има трутово или работничко легло. „Потребна е и проверка на залихите со храна, кои доколку се потрошени, тогаш во хранилки се додава погача, течна храна или рамка со мед од залихите", вели Бошковски.

Најчеста болест во оваа време од годината е ноземозата. Таа може да се препознае по испрсканоста на сатоношите. Во овој случај, според Павле, пчеларот мора да интервенира со ставање лек против оваа болест во храната. „Овој преглед го опфаќа и чистењето на подницата. Најчесто, во овој дел, се собираат изумрените пчели и слични отпадоци кои се отстрануваат со горење на лет лампа или со нова подница. Од сите овие визуелни сознанија, како и за поседнатоста на улиците со пчели, пчеларот ќе може да ја одреди состојбата во која се наоѓа семејството. Доколку тоа е во добра состојба, тогаш редоследно и внимателно се враќаат рамките и се покрива семејството со фолија или платно", завршува Бошковски.

**При крајот на март, доколку времето е погодно, може да се додадат нови рамки од залихите. Правилото за овие рамки укажува дека тие треба да бидат поставени меѓу рамката со легло и рамката со мед и полен. Овие рамки треба да се испрскаат со шербет со цел пчелите да го исчистат теренот на матицата на кои таа ќе занесе јајца. Исто така, со додавањето на рамките со сатни основи пчелите ќе можат да изградат ново саќе**



Павле Бошковски

Коментари на e-mail:
todor.stojcevski@
media.ffrm.org.mk



# Да се искористи домашната пиперка

**Производителите на градинарски култури апелираат преработувачките капацитети да ги користат нивните производи, а сопствениците на капацитетите за преработка бараат договори со земјоделците и пониски откупни цени на суровините**

Производителите на градинарски производи ги понудија своите цени на чинење за производство на различни градинарски култури и очекуваат преработувачите да дадат мислење за предложените откупни цени. На претходните неколку состаноци меѓу производителите и преработувачите, на кои учествуваа и претставници на науката, тие се договориле заеднички да ги решаваат проблемите и да се усогласат околу откупните, односно продажните цени. Освен тоа, производителите ги очекуваат извозните цени на готовите производи од Македонската асоцијација на преработувачи и го следат движењето на цените доколку не се излезе со прифатливи.

Заедничка констатација на сите учесници во процесот е дека не постои доверба меѓу нив и дека треба да се работи на нејзино зајакнување. Исто така, како што вели Борис Алексиев, претседател на Македонската асоцијација на преработувачи, потребно е да се изработи стратегија за заеднички настап при решавање на проблемите со пиперката.

За Момчило Ивановски, сопственик на „Бонум", потребно да се постигне согласност меѓу сите учесници во процесот за да не се губи време и да се склучат договорите со странските партнери. „Ние, како преработувачи, не сакаме да нè ставате во незавидна состојба. Јас сум подготвен уште веднаш да склучам договори со производителите. Доколку не дојде до тоа, тогаш мора да се снаоѓаме и не може да дозволиме нашите планови и капацитети да не се искористат. Повеќе сметка имаме доколку се преселиме во Бугарија, затоа што ќе имаме суровина без царина и поевтино производство", вели Ивановски.

Од друга страна, производителите ги истакнаа проблемите со кои се соочуваат во процесот на производство. Според Јордан Георгиев од земјоделското здружение „Еко градинар" од струмичкото село Добрејци, производителите имаат сериозни проблеми со болестите, со загадувањето на површините, како и со немањето информации за тоа колкави количества се потребни за производство и за пласман кај преработувачите. За Васе Митушев од здружението „Градинар Куклиш", понудените цени од страна на производителите се реални и мора да се прифатат од преработувачите. Во спротивно, тие се закануваат со штрајк.

## Да се користи добар семенски материјал

Професорот Ѓорги Мартиновски од Факултетот за земјоделски науки и храна ги објасни заклучоците од претходната работилница, која се одржа при крајот на јануари, во поглед на техниката на одгледување, количествата и цените на куртовската капија:

1. користење на квалитетен семенски материјал и организиран настап на производителите, со помош на научните институции, во производство на пиперка;
2. поголема примена на плодоред за избегнување на штети и намалени приноси;
3. одржување на чиста околина и површини за производство на пиперка;
4. да се зголеми приносот (најмалку на рамниште пред 10 до 15 години - минимум 40 до 50 тони/ха)
5. да се отпочне со поставување на експериментално производство на пиперки во заштитен простор;
6. да се поттикне проект за производство на семе за куртовска капија во интерес на производителите.



Производителите немаат намера да ги уништат преработувачките капацитети и не се согласуваат со тоа дека понудените цени се високи, затоа што тие имаат зголемени трошоци за репроматеријали и помали приноси поради временските услови, објасни Коле Пасков од Федерацијата на фармери во Република Македонија. Според него, преработувачите треба да сфатат дека домашното производство треба да се користи, а не да се увезуваат суровини. „Успехот е посигурен доколку се потпреме на домашните суровини. Од каде знаеме дека друга држава ќе може да ги обезбеди преработувачите со пиперка, а ние, во меѓувреме, да ги уништиме домашните производители, кои едвај преживуваат. Затоа, апелирам преработувачите да ги дадат цените на нивните готови производи за да се направи калкулација и да се увиди што точно се бара, а исто така да ги погледнат понудените цени од страна на производителите“, заврши Пасков.

К. П.; Т. С.

| Бр. | Име на суровина | Предлог-цена на здружението (ден за 1 кг.) франко фабрика | Барана цена | Реална цена |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пиперка Куртовска капија I | 18 | 29 | 25 |
| 2 | Пиперка Куртовска капија II | 12 | 22 | 20 |
| 3 | Пиперка Куртовска капија III | 4 | 10 | 8 |
| 4 | Пиперка Куртовска капија I-II | 14 | 24 | 22 |
| 5 | Корнишон екстра 0 cm - 3 cm | - | 60 | 50 |
| 6 | Корнишон I 3 cm - 6 cm | 24 | 34 | 30 |
| 7 | Корнишон II 6 cm - 9 cm | 19 | 28 | 25 |
| 8 | Корнишон III | 6 | 13 | 10 |
| 9 | Индустриски домат | 4 | 10 | 8 |
| 10 | Пиперка Бела капија I-II | 8 | 22 | 20 |
| 11 | Гамба (Калвил) | 15 | 30 | 25 |
| 12 | Феферони | 25 | 40 | 35 |
| 13 | Слатко-лута феферона | 20 | 40 | 35 |
| 14 | Цвекло | 5 | 10 | 8 |
| 15 | Модар патлиџан | 5 | 10 | 8 |
| 16 | Кромид | 8 | 12 | 10 |
| 17 | Морков | 10 | 20 | 15 |
| 18 | Зелка | 6 | 10 | 8 |
| 19 | Карфиол | 10 | 18 | 15 |
| 20 | Спанаќ | 10 | 12 | 10 |
| 21 | Броколи | 18 | 25 | 22 |
| 22 | Праз | 6 | 15 | 10 |
| 23 | Магдонос | 20 | 20 | 20 |
| 24 | Индустриски јаболка | 5 | 12 | 8 |
| 25 | Праска | 8 ден за каша 15 ден. за смрзнување и компот | 20 ден. за каша и 30 ден. за смрзната | 15 ден за каша и 25 ден. за смрзната |
| 26 | Кајсија | 10 ден за каша, 15 ден за смрзнување и компот | 20 - каша 30 - смрзната | 15 - каша 25 - смрзната |
| 27 | Вишна | 18 | 30 | 25 |
| 28 | Слива (Стенлеј) | 12 | 28 | 22 |
| 29 | Дива смоква | 20 | 40 | 35 |
| 30 | Компир | 10 | 20 | 15 |
| 31 | Боранија | 20 | 40 | 35 |
| 32 | Зелен патлиџан | | 15 | 10 |
| 33 | Банана пиперка | | | |


Саќе-Скопје
Тел: 02/3 211-907

Продавница за пчеларство
Бул.Партизански одреди 21-4
Порта Буњаковец- Скопје
- преработка и замена на восок
- откуп на пчеларски производи
- продажба на опрема и прибор
- литература
- храна за пчели



Претворете го вашето товарно возило во ладилно



1 Ладилен уред 2 Компресор 3 Термоизолација

Ладилен систем сертифициран според HCCCP стандардот
Погоден за транспорт на прехранбени производи
Со работна температура од +4 до -18° C
Максимален товарен волумен
Лесно одржување
Две години гаранција

Интерфриго ДООЕЛ ул.Новопроектирана ББ. 1000 Скопје
Сервис: 00 389 (2) 2043342
Факс: 00 389 (2) 2043342
Мобилни: 00 389 75 441114 , 00 389 75 443440
Email: interfrigo@gmail.com
INTERFRIGO

# Кој работи - ќе з

**Невообичаените градинарски култури обезбедуваат егзистенција за семејството Цветковски од скопско Јурумлери. Работејќи долго и макотрпно, тие денес со своите производи снабдуваат големи трговски маркети и дел од македонската армија**

Пишува: Т. Стојчевски



Дипломатите ги пробиваат нетрадиционалните производи

Ендивија, мента, мајоран, жалфија, копар, рузмарин, коријандер... се само дел од четириесетте различни невообичаени градинарски култури во нивите на скопјанката Магдалинка Цветковска. Оваа педесетгодишна жителка на село Јурумлери, околу триесет години, работи само со градинарски култури. Меѓудругото, на нејзините ниви може да се најдат уште и кинеска зелка, црвена зелка, ќељ, ќел пупчар, копар, рокула, мајчина душица, црвена марула, морков, пашканат, цвекло, брокула, магданос, француски магданос, нане, спаќаќ, блитва, зеље, карфиол, тиквич- ка, тиква за печење, целер корен, целер лист, компир, дајкон, ќелераба, трупки, црвен и зелен босилок... Сите овие култури, благодарение на Цветковска, може да се купат во веќе познатите трговски ланци во земјава „Веро" и „Рамстор", а дел од сопственото производство го пласира и во скопските воени пошти. „Зеленчукот во овие маркети е од наше домашно производство", гордо објаснува Цветковска. Семето за овие култури таа го купува од земјоделски аптеки, од разни увозници, а дел од него и сама го произведува.

Магдалинка работи на седум хектари земја. Четири се нејзини, а останатите три ги изнајмува од соселаните. Освен тоа, има околу 20 фо-

## Култури кои се пробиваат

Според Живко Цветковски, овие култури се пробиле на македонскиот пазар благодарение на странските дипломатски претставници од другите држави. "Кризата во 2001 година, како и многуте странски државни дипломатски претставници, ја отворија земјава за овие култури. Се повеќе расте побарувачката за нив, а од друга страна, ние сме поттикнати да воведуваме нови, за нас, непознати култури. Работењето во фолии овозможува да ги контролираме условите во кои растат растенијата, иако за нивно греење трошиме околу 30 кубика дрво во сезона", објаснува Живко.

## аработи

### Магдалинка работи и со коопeранти

Цветковска работи и со коопeранти кои произведуваат за нејзе. "Одредени култури кои не може да се произведат во скопскиот регион, а се важни за клиентите, ги произведуваме и во други региони: гевгелиско, струмичко... Значи, работиме со коопeранти, на кои им даваме семе, а тие произведуваат за нас. По потреба им помагаме и со аванс за да го почнат производството", вели претседателот на Здружението "Зелена Долина", Цветковска.

лии, односно околу 3 декари фолијарно земјоделство. За жал, најголем проблем во околината на Јурумлери, објаснува таа, е немањето земја за обработка. Бидејќи нема земја под концесија, е принудена да плаќа од 50 до 100 евра за декар на соселаните или на оние, кои според нејзе, бесправно зеле земја за користење на 30 години.

Специфично за нејзините различни градинарски култури е што бараат многу вода, не бараат хемиска заштита, се консумираат свежи и претежно се повеќегодиш- ни растенија.

1. Жалфија (salvia officinalis) - ја произведува околу пет години. Ја сее напролет (март), а ја бере во текот на неколку години. Според Цветковска, кога стеблото ќе почне да се суши, тогаш растението мора да се обнови. Дава убави светло сиво-зелени листови и се употребува во кулинарството како зачин со риба и месо. Исто така, жалфијата се користи како чај, за лекување крајници и болести на плуќа. Ова растение бара често наводнување, особено на лето кога е во фолија. Може и да се прихранува, иако според Магдалинка, нема потреба. Освен тоа, жалфијата не бара заштита, бидејќи со својот јак природен мирис ги брка напаѓачите. "Колку повеќе ја береш, толку повеќе се обновува жалфијата. Се консумира свежа и до една недела по берењето", вели Магдалинка. Жалфијата потекнува од Кина и Персија, а најмногу ја има на Хвар. Народните преданија велат дека каде што има засадено жалфија, сите болести бегаат од таа околина.

2. Нане Мента (mentha piperita) - е повеќегодишно растение, кое по берењето, само се обновува. Се берат целосни гранчиња на кои има листови со темно зелена кон лилјакова боја. Според Цветковска, се користи како зачин со компир, грашок, морков и домати, се употребува за разни ликери, овошни салати, за правење бонбони и чоколади. Како култура бара многу вода, но не и хемиска заштита. Има убав пријатен мирис.

3. Чивас Бастер (Chives Buster) - меѓу народот е познат како див лук, кој се консумира во свежа состојба. Најдобро е за берба кога ќе достигне меѓу 15 и 20 сантиметри висина, а од растението се берат тенките перца кои наликуваат на млад кромид. Искуството на овој производител зборува дека чивас бастерот се употребува и во македонската кујна во разни јадења (пинџур, манџа грав..). Цветковска го пакува во мали најлончиња од кои се чувствува прекрасниот пријатен мирис.

4. Коријандер (Coriandrum Sativum) - ова растение потекнува од Средоземјето и од Блискиот Исток. Цветковска го купила семето во семенара и поттикната од желбата за различни градинарски култури, го насела во своите ниви. Ова е едногодишно растение, кое се сее во секоја доба на годината. Доколку се работи зимно време, таа расте под фолија поради потребата од повисока температура. Коријандерот има силен лист и многу јак мирис и затоа, се консумира само како зачинска култура. Се употребува во супи, разни јадења од зеленчук и месо, разни пити и ликери. Велат дека добро дејствува на нервниот систем кај човекот. Неговото семе, објаснува Цветкоска, има мирис на кора од портокал.

5. Копар (Anethum Graveolens) - едногодишно растение, кое се сее напролет. Има гранчиња со специфични ливчиња. Се продава во свежа состојба, како зачин, најмногу во салатата таратор. Копарот има многу убав мирис.




### Колку вложуваш, толку добиваш

Овој фамилијарен бизнис, во кои работат и неколкумина аргати, обезбедува храна за семејството Цветковски и за нејзините вработени. Магдалинка вели дека аргатите ја чинат 500 денари по човек и две јадења дневно. Таа работи на седум хектари земја. Четири се нејзини, а останатите три ги изнајмува од соселаните. Освен тоа, има околу 20 фолии, односно околу 3 декари фолијарно земјоделство. "Сепак, мора да кажам: оној што работи, ќе заработи. Се разбира, потребни се предуслови, знаење и искуство од постарите кои ќе го пренесат тоа кај идните генерации", вели Цветковска. Овој градинар објаснува дека со ова работење имаат доволно за убав живот, како и за школување на нивниот син Сашо во Грција и во Чешка. Студирањето на Сашо во Солун ги чинело повеќе од сто илјади евра. Исто така, за постдипломските студии во Прага дале околу 30 илјади евра, а лани купиле и ново комбе од 40.000 евра и ново возило од 50.000 евра. Сето тоа е заработено, вели Магдалинка, од градинарските култури. "Има пари во работењето со градинарство. Но, се разбира, колку ќе вложиш, толку и ќе добиеш. Вложивме и во едукација на синот и тој го оправда вложеното. Но, сега сме пред сериозен предизвик каде ќе се вработи, бидејќи го знаете интересот на државата за ваквите стручни кадри", вели Цветковска.

Коментари на e-mail:
blagojche.najdovski@media.ffrm.org.mk

# Одлична заработу од млад кромид

Пишува:
Антоанела Димитриевска

Земјоделците од велешкото Башино Село, кон средината на минатиот месец, стартуваа со берба на младиот кромид. Годинава работат, речиси, истовремено и на отворено и во пластеници. Велат дека ладното време не дозволило навремено созревање на кромидот под пластеници. Овие земјоделци веќе продаваат кромид на македонските пазари. Цената била околу 200 до 250 денари за сноп од 50 везаници млад кромид, но при крајот на февруари цената почнала да паѓа и до 150 денари, се жалат земјоделците. Според нив, на Кванташкиот пазар во Скопје се продава само мало количество од вкупниот род кромид. За да им се исплати работењето, тие бараат поголем извоз надвор од земјава.

## Заработиле по 2.000 евра на декар

Земјоделците со задоволство се присетуваат на ланскиот извоз за хрватската фирма „Конзум", токму пред католичкиот Велигден, овој месец, објаснува Горан Блажевски. Овој 36-годишен земјоделец, заедно со своето семејство, живее од производство на млад кромид. Токму тој посредувал за извоз преку струмичка компанија за Хрватска, носејќи го кромидот со сопствен камион. „Се пакува во дрвени гајби и се транспортира. Сите, кои лани ова време имаа млад кромид, добро заработија. За две недели извезовме 90 тона. Цената беше прифатлива и задоволителна за земјоделците", објаснува Блажевски. Но, подоцна цената нагло паднала и голем дел од кромидот останал непродаден. Дел од производителите садат по три-четири декари млад кромид. Младиот кромид лани го продавале по 200 денари за сноп од 50 везаници или нешто повеќе од 3,5 до 4,5 евра за сноп. За две недели извоз, земјоделците заработиле солидно, од 1.500 до 2.000 евра по декар. Моментно, Блажевски е во преговори со истата струмичка фирма за повторен извоз во Хрватска. Тој и другите земјоделци се надеваат дека и годинава ќе имаат сигурен пласман и пристојна цена за поголем дел од прозводството на млад кромид.



Добро заработија и се надеваат на уште подобро

## Сезона за берба на младиот кромид

Сеидбата на млад кромид почнува на крајот на јули, а расадувањето е во септември и октомври. Тие кои го засадуваат во пластеници, со првата берба почнуваат околу новогодишните празници. Годинава, поради мразот, кој не дозволувал пристап до нивите, бербата стартувала нешто подоцна. Пред десетина година, во селото почнало и производство на млад кромид под пластеници. Сега, во селото има стотина. Во нив, во дел од годината, се сади и пипер, домати и марули, но многу помалку. Главната сезона на берба на младиот кромид е од средината на март до средината на април. Тогаш, целото село е на нива. Од 220 куќи, речиси сите имаат засадено барем по еден декар млад кромид. „Ако кромидот пред десетина години беше дополнителна заработувачка за семејствата, по останувањето без работа во фирмите, на најголем дел од овие земјоделци земјоделството им станало главна егзистенција", вели овој млад земјоделец.

Сопругата на Горан, Синела, исто така, е ангажирана во производството на кромид. Нив им помагаат и осумгодишниот Кристијан и 14-годишната ќерка Теодора. Сепак, најголема помош и совети за производството имаат од таткото на Горан, Тодор и мајка му, Кица. Тие се занимаваат со производство на млад кромид повеќе од 30 години и имаат големо искуство. „Посебно е напорно за време на главната берба", вели Синела.

# вачка

## Одлична заработувачка

Младиот кромид лани го продавале по 200 денари за сноп од 50 везаници или нешто повеќе од 3,5 до 4,5 евра за сноп. За две недели извоз, земјоделците заработиле солидно, од 1.500 до 2.000 евра по декар.

## Потребно е земјоделско здружение

„Најдобро е да имаме наше земјоделско здружение во селото, но барем досега не можеме да се договориме и да го формираме. Тоа би ги штитело нашите интереси. Добро е и некој од нас да основа фирма за извоз, но тоа е голема инвестиција и никој не сака да вложува“, вели Блажевски. Бидејќи надлежните институции за земјоделството не им даваат субвенции, тие бараат да им помогнат во сигурноста на извоз на кромидот.

## Мачно, но исплатливо

„Посебно е напорно за време на главната берба“, вели Синела. „Тогаш работиме од мрак до мрак. Денот почнува од шест наутро, а трае до полноќ. Стануваме и веднаш на нива. Мора да се направи и ручек за аргатите кои помагаат во бербата. Освен тоа, треба да се грижам за децата и за домаќинството“, раскажува Синела.

„Тогаш работиме од мрак до мрак. Денот почнува од шест наутро, а трае до полноќ. Стануваме и веднаш на нива. Мора да се направи и ручек за аргатите кои помагаат во бербата. Освен тоа, треба да се грижам за децата и за домаќинството“, раскажува Синела.

Нивните први братучеди, Тодор и Сузана Блажевски, исто така, одгледуваат млад кромид. Годинава имаат 800 реда или околу 2,5 декари. Велат дека лани добро заработиле и посакуваат да се повтори извозот, а цената да не падне под 200 денари за сноп млад кромид. Речиси педесетгодишниот Тодор потсетува дека трошоците за производство се големи, а една вреќа ѓубре чини 2.500 денари. На декар се става околу вреќа и половина. „Со ова, трошоците за производство се до 600 евра, а некогаш заработувачката, на годишно ниво, едвај изнесува илјада евра, колку да преживеат“, велат селаните.

Коментари на e-mail:
todor.stojcevski@media.ffrm.org.mk



# Четириесетина вида пролетно цвеќе

**Овој бизнис е исплатлив на долг рок, бара упорност, зададена цел и има скромни побарувања. Проблемите не треба да бидат пречка за развојот, туку предизвик да се надминат, завршува Весковски**

Пишува:
Тодор Стојчевски

Браќата Весковски од скопското село Драчево, со одгледување цвеќе, ги издржуваат своите семејства. Триесет и тригодишниот Зоран Весковски објаснува дека во овој бизнис влегол сосема случајно, благодарејќи на својот постар брат. Подоцна, хобито со одгледување квалитетни цвеќиња - хибриди се претвора во семеен бизнис. Неколку години подоцна, тој е регистриран како индивидуален земјоделец „Китка“.

### „Борба“ за регионалните пазари

При нашата посета на семејството Весковски, тие го подготвуваа пролетното производство на цвеќе. Според плановите, од оваа сезона, на пазарот ќе се појават од почетокот на април до средината на јуни. Според Зоран, ова е оптимален период, оти порано имаме мразеви, а подоцна се појавуваат жештините. Процесот на производство почнува со сеење, потоа следува пикирањето и завршува со финалното садење во саксија. Весковски набавуваат семенски материјал и го темпираат времето кога сакаат да имаат финален производ. „Доколку сакате готов производ на почетокот на април, тогаш во зависност од видот, расадот се сее неколку месеци порано. Всушност, се пресметува потребното време за процветување на родот. Пример, за бегонија тубероса, потребни се шест месеци за процветување и тоа значи дека ќе се насее уште пред декември, а кон средината на април имаме производ за на пазар“, вели Зоран. Тој произведува околу 40 вида пролетно цвеќе: импатиенс, петунија, бегонија, винка, вербена, тагетес, алисиум, целосија...

Семенскиот материјал го купува од домашни фирми кои се регистрирани за набавување на семенски материјал. Во светски рамки, објаснува овој зем-

## Се намалува увозот на цвеќе

Бавниот, но сигурен развој на домашното цвеќарство доведува до намалување на увозот на цвеќе во земјава, вели Весковски. Ние им даваме поевтин производ, со добар квалитет, во свежа состојба и без транспортни и царински трошоци.

јоделец, има неколку познати компании - бридери (вкрстувачи на семенски материјал), а три од нив држат повеќе од 90% од пазарот (С&Г, Саката и Пан Американ). Освен ова, вели Зоран, има и набавка на млади билки (семки засеани и никнати до одредена фаза), како и набавка на вкоренети резници (билки кои се размножуваат вегетативно).

Пикирањето или пресадувањето во ќелии од стиропор завршува кон средината на февруари. Весковски го купува супстратот во кој се става расадот, а билката се пресадува во посебна ќелија каде што има поголем простор и повеќе храна за да зајакне коренот. Овој месец и април Зоран ги искористува за пресадување на расадот во саксии.

Весковски ја гледа својата иднина во развој и подигнување на ниво на производство кое ќе го понуди на регионалните пазари. „Сум имал и многу промашувања на одредени видови цвеќе, како и на цела сезона (во почетокот). Затоа, овој бизнис е исплатлив на долг рок и бара упорност, зададена цел и има скромни побарувања. Проблемите не треба да бидат пречка за развојот, туку предизвик да се надминат“, завршува Весковски.

Коментари на e-mail:
blagojche.najdovski@media.ffrm.org.mk

## Со квалитет против конкуренцијата

Весковски, од година в година, сè повеќе го освојува домашниот пазар со своите производи. Всушност, овој производител ги нуди своите цвеќиња исклучиво на големо или на трговци, а за тоа, како што објаснува, тие добиваат додадена вредност во однос на квалитетот и маркетингот. „Проблем претставува цената затоа што дел од мојата конкуренција оди само на квантитет со пониски цени. А, јас, за да добијам квалитетен производ, имам поголем влог во средства, енергија, труд, а тоа значи и повисока цена. Кога ќе се соочиме на пазарот, на кој владее хаос, луѓето купуваат поевтино. Затоа, работам на нивна едукација да го препознаваат квалитетот, преку печатење промотивен материјал, веб-страници и настапи на медиуми“, вели Весковски. Со ова, Зоран се обидува да им укаже на купувачите дека доколку купат неквалитетен производ, нема да го добијат очекуваниот успех и тоа ќе доведе до нивно разочарување, а преку тоа и до губење на довербата кон продавачите. Тоа директно го попречува развојот на хортикултурата.



Квалитетот секогаш победува

## Македонија нема есенско производство на цвеќе

Производството на цвеќе се дели на производство на режан цвет и производство на цветен расад „beding plant“ (цвеќе кое се продава во саксија и по купувањето се пресадува). Всушност, кај нас, производството на цветен расад може да го поделиме на: пролетно и есенско. „Есенското воопшто не е популарно во Македонија и се обидувам да го популаризирам“, вели Весковски. А, како што објаснува тој, пролетното може да се подели на рано и доцно. Раното, т.е. „осмомартовско“ производство е обемно, но голем недостаток е тоа што продажбата трае неполна недела. Доцното пролетно е и најзастапено и трае од почетокот на пролетта, односно оттогаш кога временските услови дозволуваат цвеќето да се засадува надвор.


УНИБанка
Бисерот на депозитите
ТРИ месечен депозит
• Камата од 8,5% за МКД и 4% за ЕУР
• Пропорционален метод на пресметка на камата
• Фиксна каматна стапка • Без минимална сума за орочување
• Депозитите се осигурени во Фондот за осигурување на депозити
УНИДепозити
инфо центар тел: 02 3111 111
www.unibank.com.mk

Хоризонти
микрокредитирање
АГРО КРЕДИТ
за земјоделци
КРЕДИТИ ДО 300.000 ДЕНАРИ
РОК НА ОТПЛАТА ДО 36 МЕСЕЦИ
0% ПРОВИЗИЈА ЗА ПРЕДВРЕМЕНА ОТПЛАТА
МОЖНОСТ ЗА КРЕДИТИРАЊЕ БЕЗ ЖИРАНТИ И ХИПОТЕКА
www.horizonti.org.mk
Скопје – Центар
ул. Рампо Левката 14
тел.: 02/ 30 93 371
Струмица
ул. Дебарска 6
тел.: 034/ 34 01 67
Велес
ул. Владимир Назор 28
тел.: 043/ 21 18 18
Битола
ул. Жикица Јовановиќ – Шпанац 146 а
тел.: 047/ 20 37 25
Скопје – Шуто Оризари
ул. Гарибалди 25
тел.: 02/ 26 51 269
Гостивар
ул. ЈНА 21
тел.: 042/ 22 10 17
Кочани
ул. Димитар Влахов 72
тел.: 033/ 27 85 56
Прилеп
кеј 9-ти Септември 36
тел.: 048/ 42 77 14

Alpha Visa Electron Enter
дебитна картичка

# Една виза за секаде

## Нова Visa Electron Enter дебитна картичка од Алфа Банка

Алфа Банка ви ја претставува својата Visa Electron Enter дебитна картичка, ваше решение за секојдневните трансакции. Со нов, автентичен Visa изглед за првпат кај нас, Visa Electron Enter од Алфа Банка ви овозможува едноставен пристап до вашите пари и ви го олеснува плаќањето во земјата и во странство. Без разлика дали на вашата Visa Electron Enter од Алфа Банка ја добивате платата или пензијата, сега сте сигурни дека вашите пари се безбедни и подостапни од кога било.

- Без годишна членарина
- Без провизија за подигнување готовина од банкоматите на Алфа Банка
- Можност за American Express кредитна картичка.

Аплицирајте веднаш!




VISA

ALPHA BANK

Заедно, постигнуваме повеќе.

02 32 03 555 www.alphabank.com.mk

# Вишната - суровина за исплатливи производи

**Вишната е извозно ориентирана култура, пред сè, на западниот пазар кој поседува многу големи капацитети за преработка, а со самото тоа и неопходност за обезбедување на постојан дотур на суровина**

Пишува:
Виктор Ѓамовски,
Институт за овоштарство



Вишната (*Prunus cerasus L.*) претставува автохтон овошен вид за Европа и Југозападна Азија. Таа се вбројува во групата коскести овошни видови. Ова овошје е во блиско сродство со дивата цреша (*Prunus avium*) од која потекнуваат и питомите сорти цреши. За разлика од црешата, има покисел плод и најчесто се употребува во прехранбено-преработувачката индустрија. Со воведувањето на самооплодните сорти, особено *облачинската*, воочливо е сè поинтензивното одгледување на вишната со цел да се добие суровина за широк спектар економски исплатливи производи како што се сок, џем, компот, јогурт, ароматизирано млеко, бонбони, ликер, ракија и друго. Особено треба да се потенцира дека вишната е извозно ориентирана култура, пред сè, на западниот пазар кој поседува многу големи капацитети за преработка, а со самото тоа и неопходност за обезбедување на постојан дотур на суровина. Вишната е овошка со релативно скромни барања во однос на одгледувањето. Се одликува со поскромни барања кон еколошките услови во споредба со потребите на другите овошни видови. Ако се земат предвид нејзините биолошки својства (рано и редовно раѓање) и релативно изразената отпорност на болестите и штетниците што ја напаѓаат, оваа овошка е економски многу значајна. Луѓето сè повеќе се заинтересирани за нејзино одгледување, бидејќи со неа се остваруваат значајни економски ефекти. Облагородените сорти вишни припаѓаат на фамилијата *Rosacae*, потфамилијата *Prunoideae Focke*, родот *Cerasus Juss.*

Водечки сорти погодни за подигање производствени насади се:

**ОБЛАЧИНКА** Се одликува со слаба бујност на крошната, но рана, редовна и висока родност. Сортата е самооплодна и отпорна на доцни пролетни мразеви. Плодовите се одликуваат со добар технолошки квалитет и се подобни за преработка во најразновидни производи. Стеблото на облачинската вишна е слабо бујно, многу компактно и со самото тоа, погодно за густо садење. Има куси интернодии, а листот е интензивно зелен. Еден од недостатоците е обилното создавање на изданоци. Облачинката поседува ситни до средно крупни плодови (2,8-4 g), тркалезни, интензивно темноцрвени, слаткокиселави со карактеристичен, црвено обоен сок (според испитувањата, со најголем процент на боени материи во споредба со сите останати сорти вишна). Зрее едначено и тоа во третата декада на јуни. Помеѓу одгледувачите и производителите е мошне ценета поради просечниот принос од 15 тони по хектар, нејзината релативно висока сигурност при лоши временски услови за време на цветање. И потрошувачите, исто така, се задоволни токму поради фактот дека нејзиниот плод е погоден за преработка.

> **Во Македонија 95% од насадите со вишна припаѓаат на самооплодната сорта облачинска**

**РЕКСЕЛЕ** Зрее во втората половина на јуни. Сортата е средно бујна со широко разгранета круна. Самооплодна сорта, иако со опрашување со други сорти дава поквалитетни и покрупни плодови. Како добри опрашувачи за оваа сорта се хајманова конзервна и келерис 14. Плодот е средно крупен со топчесто срцевидна форма. Покожицата е тенка, сјајна, со темноцрвена боја. Има квалитетно месо на плодот со киселкаст и ароматичен вкус. За разлика од другите сорти, има поспецифичен начин на резидба поради склоноста кон оголување на родните гранки.

**ХАЈМАНОВА КОНЗЕРВНА** Зрее кон крајот на јуни. Средно бујна сорта со широко топчеста разгранета крошна. Самооплодна сорта која рано пролодува и има добра родност. Отпорна е на суша, а осетлива на пегавост на листот и монилија. Како и сортата рекселе, потребна е специфична резидба поради склоноста ▶



Има кисел вкус и се употребува во прехранбено-преработувачката индустрија

кон оголување на гранките. Има средно крупен плод со широко топчеста форма и темно црвена боја на покожицата, месото и сокот. Месото е квалитетно, кисело и ароматично.

**КЕЛЕРИС 14** Данска сорта која созрева во почетокот на јули. Овошката е со слаба до средна бујност и релативно мала, растресита крошна со пирамидална форма. Отпорна е на повеќе болести кои ја напаѓаат вишната. Изразито самооплодна сорта која редовно и обилно раѓа. Плодот е средно крупен со темноцрвена покожица. Месото е со слатко киселкаст и ароматичен вкус. „Коската“ лесно се одвојува од месестиот дел. Може да се користи како трпезна и како индустриска сорта.

**ШУМАДИНКА** Сорта создадена во Институтот за овоштарство во Чачак, Србија. Зрее во првата декада на јули. Сортата е слабо бујна, самооплодна и релативно отпорна на суша и на ниски температури. Плодот е крупен, со срцеста форма и темноцрвена боја на покожицата. Месото и сокот се темноцрвени. Плодот е слабо издржлив при транспортирање и при механизирана берба се оштетува.

Коментари на e-mail:
todor.stojcevski@media.ffrm.org.mk



Разни сорти, но добра заработувачка







# Систем „на дофат на

Пишува:
**Кицо Дамовски**
**Дипломиран земјоделски инженер**

Во шеесеттите години од минатиот век, особено во општествените стопанства, најзастапен систем на одгледување овошни насади беше системот „палмета“ со коси гранки. Потоа, тој се напушти, а се прифати одгледувањето на овошки калемени на вегетативни подлоги со средна бујност. Денес, најчест систем на одгледување е витко вретено. Со воведување на оваа технологија се засадуваат над 1.000 садници по хектар. Тој е најмасовен, затоа што е едноставен за одгледување и има подобро искористување на парцелите. Сепак, во изминативе неколку години, во светски рамки, се одгледуваат супергусти насади со садна структура над 3.000 садници по хектар. Овие овошки се калемени на слабо бујни подлоги, од типот М-9 или подлоги со слична бујност, како што се Пајам 1, Пајам 2, Марк, Јорк, Сапор, Емла и други. При ваквиот начин на одгледување доаѓа до зголемување на приносите во квалитет и квантитет и рационално искористување на површините. Во овие производни насади, поедноставно можат да се контролираат работните обврски, вклучувајќи и извршување на агропомо и фитозаштитни мерки со кои ќе се на-





Разни системи за подобар род и поквалитетен плод



# рацете“

малат штетните влијанија врз животната средина.

### Супергусти насади на слабо бујни подлоги

Од вкупното јаболково производство во Македонија, домашните пазари трошат од 20 до 30 проценти. Останатите количества се нудат надвор, односно на пребирливи пазари каде што постои голема конкуренција со производите од другите земји. За таа цел, производителите треба да бидат мобилни и да ги следат современите трендови на овоштарското производство. Треба да внесуваат нови и прифатливи технологии во производството. Во прометот со свежо овошје важи правилото да се продаде евтино и со добар квалитет. Секој производител кој ќе ги исполни овие услови може да ја издржи конкуренцијата и да има одржливо овоштарство. За да се постигне ова, во овој период, императив е да се подигнуваат супергусти насади, кои се одгледуваат на слабо бујни подлоги, каде што најголем дел од работните операции се извршуваат од земја. Ваквите системи на одгледување се познати под терминот „на дофат на рацете“. Во тие насади, помотехничките работни операции се извршуваат од земја и притоа работните норми се поголеми за два до три пати во однос на другите насади. Ова е особено важно кога има малку работна сила, а и повеќето се неквалификувани или со недоволно познавање за работење во овоштарството.





### Многу пари, знаење и умешност

Засадувањето густи насади е многу скапо, бара многу пари и умешност. На единица површина се засадуваат повеќе садници. Бидејќи садниците се калемени на слабо бујни подлоги (кои послабо се вкоренуваат), задолжително треба да се постави потпорна конструкција од дрвени или бетонски колци, во комбинација со дрвени потпирачи или бамбусови трски со врзување за поцинкувана жица. Пред засадување на овошките, пожелно е да се изврши длабоко орање на длабочина од 50-60 сантиметри. Овошките треба да се садат 7-10 сантиметри подолу од калеменото место. Тоа се прави за да се намали бујноста на овошките (фактор за редовно плодоносење). Во вакви насади, една овошка нормално може да роди над 20 килограми висококвалитетни плодови, со добар состав, обоеност и лесна берба во која можат да се вклучат деца и постари лица. Овошките со вакво оптоварување со род имаат доволно кондиција да формираат родни пупки и за следната вегетација. Исто така, со самото подигнување на насадите, потребно е да се обезбедат услови за наводнување по системот капка по капка, со кој истовремено ќе се врши и исхраната (фертиригацијата). На овој начин, исхраната се врши според потребите на хранливите материи по фази на развиток, а воедно се намалуваат трошоците за изѓубрување (погонско гориво, работна рака и слично). Со ова се отстранува нередовната родност, што е чест случај кај нас. Ако како пример се земе дека на хектар се засадуваат околу 3.000 овошки, кои ќе дадат принос од 20 килограми по стебло, потребно е секоја година да се соберат од 50.000 до 60.000 килограми. Со вакво производство секогаш ќе има рентабилно овоштарство и дел од остварениот профит ќе се намени за модернизирање на понатамошното производство (подигнување насади, набавка на амбалажа, изградба или реконструкција на сместувачки капацитети, стручна надградба, посета на саеми, манифестации и друго).

## Проблем со сертифициран материјал

За засадување на вакви насади потребни се од 15.000 до 20.000 евра. Доколку производните површини се поголеми, потребните средства се зголемуваат. Посебна тешкотија во сето ова е набавката на сертифициран саден материјал сорта - подлога, кој недоволно се произведува во земјата. Садниот материјал исклучиво се набавува од увоз. За едногодишна садница, цената се движи над две евра, додека за двегодишни садници, цената изнесува од четири до пет евра, во зависност од земјата-производител. Иако државата обезбедува финансиска поддршка за подигнување нови насади, за ваквиот тип насади таа е минимална и треба да се зголеми за три до четири пати. Исто така, во функција треба да бидат сите форми за поддршка на руралниот развој, со кофинансирање од домашните и европските фондови, кредитирање од дисконтните фондови, а исто така и поддржување при изградбата на сместувачки капацитети, обични магацини, ладилници, соодветна амбалажа, земјоделска механизација и друго.

## Повеќе наука во производството

Повеќето агроекономски испитувања покажуваат дека развојот на земјоделството е тесно поврзан со примената на современи производни технологии и правци на научна основа. Често пати, примената на научните сознанија е пресуден фактор за постигнување врвни резултати. За таа цел, носителите на ова производство, постојано треба да се надградуваат, а исто така треба да се обучуваат и останатите овоштарски работници. Во тој поглед, научностручните институции треба да ги пренесуваат врвните технологии кај производителите со прифатливи методи. Прифаќањето на новите технологии е индивидуална работа за секој производител, но од нив зависи дали тие производни правци се благовремено прифатени или и понатаму се прифаќаат претходните производни модели. Во денешни услови, производителите треба да реагираат навреме и да ги прифатат новите производни предизвици.

Коментари на e-mail:
blagojche.najdovski@media.ffrm.org.mk

# NETAFIM

## СИСТЕМИ ЗА НАВОДНУВАЊЕ КАПКА ПО КАПКА







ОПРЕМА СО НАЈВИСОК КВАЛИТЕТ НА ПАЗАРОТ.

ЕДНОСТАВНО РАКУВАЊЕ.

НАМАЛЕНИ ТРОШОЦИ ЗА РАБОТНА РАКА.

ЛЕСНО ОДРЖУВАЊЕ.

ПРЕЦИЗНО ДОЗИРАЊЕ НА ВОДА И ЃУБРИВА.

РЕШЕНИЕ ЗА СЕКОЈ НАСАД БЕЗ ОГЛЕД НА МЕСТОПОЛОЖБАТА И НАГИБОТ НА ТЕРЕНОТ.

НАМАЛЕНИ ПРОБЛЕМИ СО ПЛЕВЕЛИТЕ И БОЛЕСТИТЕ ВО НАСАДИТЕ.

ЗА СИТЕ ТИПОВИ НА ПОЧВА.



Метеоролошка станица

MAGAN-MAK

MAKHTESHIM AGAN

Ексклузивен застапник и дистрибутер за Р.Македонија

**МАГАН- МАК,** СКОПЈЕ

Тел/Факс: 02/ 3216-147 Факс: 3216-158 ; Аптека: 02/2557-650



**Најважен предуслов за висока родност, економично и рентабилно производство е употребата на квалитетен, сертифициран саден материјал од компир**

# Квалитетно семе - многу род







Пишува:
Оли Митовски

Во секое производство на земјоделски култури се настојува да се постигнат високи приноси. И при производството на компир ќе имаме високи приноси само со примена на технологија со која се постигнува максимално искористување на генетскиот потенцијал на родност кај сортата.

1. Висината на приносот, односно можноста да се искористи генетскиот потенцијал за родност, зависи од многу услови, како што се квалитетот на земјиштето, количеството и видот на ѓубрето, климатските услови, употребата на агротехнички мерки, заштитата од болести и штетници. Сепак, најважен предуслов за висока родност, економично и рентабилно производство е употребата на квалитетен, сертифициран саден материјал од компир.

2. Кога се зборува за квалитетно или вистинско семе, тогаш првенствено се мисли на:
- кртоли чиј процент на зарази со вируси не ја преминува дозволената (толерантна) граница за одредена генерација и
- неприсуство на други габни или бактериски болести.

Притоа, поголема важност се дава на вирусите поради две причини:

1. Вирусите брзо се шират со лисни вошки како вектори,

2. Заразеното семе, визуелно, не се разликува од здравите кртоли.

Во наши услови, доколку исто семе две години се користи како саден материјал, кртолите можат стопроцентно да бидат заразени со S-вирусот. Таквото семе може да даде за 40% помал принос од вистинскиот саден материјал. Другата причина е тоа што кај заразено семе со вируси, кртолите визуелно не се разликуваат од здравите. Врз основа на изгледот на кртолите не може да се знае дали се работи за семенски или за консумен компир. Многу производители не знаат дека големината на кртолите не го одредува квалитетот на семенскиот материјал, туку тоа е степенот на зараженост со патогени (во прв ред, со вируси).

3. Освен квалитетниот и сертифициран семенски компир, во производството треба да се посвети внимание на правилната примена на агротехника и заштита од болести и штетници. Една важна мерка во производството на компир е воведувањето плодоред. Најдобри претходници на компирот се многугодишните треви, легуминози, јачменот, овесот, како и едногодишните зрнести култури (грав, грашок, лупина, грао и друго), бидејќи ја збогатуваат почвата со азот и ја подобруваат порозноста. Притоа, не се препорачува компирот да се одгледува по компир или по култури од иста фамилија (домати, пиперки), бидејќи страдаат од исти болести.

4. За компир, потребно е почвата да биде длабоко обработена и разровчена. Длабокото орање се врши рано наесен, а рано напролет почвата се браносува за да се спречи испарување на почвената влага. На лесни песокливи и растресити почви, обработката се врши напролет. На лесни почви и со навалување-основно орање, обработката е на длабочина од 20-25 см, а напролет, браносувањето и култивирањето е плитко, на 8 см. Компирот има потреба од значителни количества хранливи материи. Оваа култура има потреба од храна во текот на целата вегетација, а посебно во текот на порастот на клубените.

5. По подготовката на садниот материјал (калибриран и пророен), како и подготовката на почвата пред садење, се пристапува кон садење на клубените. Најоптимални услови за садење на компирот е температура на почвата од 7 до 8 целзиусови степени и длабочина од околу 10 см. Оптимален број на растенија по хектар е 40.000-45.000. Растојанието меѓу редовите треба да биде 70 см, а во самите редови од 33 до 40 см. Основни мерки на нега во текот на вегетацијата кај компирот се браносувањето, прашењето, нагрнувањето, прихранувањето, наводнувањето, заштитата од плевели, болести и штетници. Сите овие мерки на нега имаат цел да се создадат подобри услови за развој на компирот и да се добијат повисоки приноси од единица површина.

Коментари на e-mail: todor.stojcevski@media.ffrm.org.mk

**Груба препорака за дози минерални ѓубрива во килограм чисти елементи**

| Хранлив елемент | Ран компир | Доцен компир |
|---|---|---|
| Азот (Н) | 100-140 кг/ха | 140-200 кг/ха |
| Фосфор ($П_2О_5$) | 110-150 кг/ха | 110-150 кг/ха |
| Калиум ($К_2О$) | 160-260 кг/ха | 200-350 кг/ха |



# Шанса за забрзано зелено возење

**New Holland емитува 70% помалку јаглерод диоксид од оние кои ги заменува, ја намалува емисијата на испуштање честички од јаглерод моноксид за 70% и од хидрокарбонат за 40%**

Пишува:
Дејан Лазаров
Берта Китинска

Стопроцентните биодизел трактори ги „преплавија“ нивите во Велика Британија. Тракторите New Holland, ќе емитуваат 70% помалку јаглерод диоксид од оние кои ги менуваат. Освен тоа, ја намалуваат емисијата на честички од јаглерод моноксид за 70% и хидракарбонат за 40 проценти. Дел од луѓето во проектот кој го измислија овој начин на напојување објаснуваат дека единствен успех не е само горивото, туку и тоа што нивните трактори се поефикасни од постарите машини.

Со нив сакаат да привлечат колку што е можно поголемо внимание и интерес кај фармерите за вклучување во „зеленото“ забрзано возење. Всушност, фармерите ќе имаат можност да го возат продуктот „биодизел“. Бидејќи промените на климатските услови влијаат врз биодизелот и неговото трошење на резерви, луѓето,од проектот спроведуваат и соодветни алтернативи. За сигурност дека фармерите ќе имаат биодизел гориво гарантира обнова на производството на биодизелот и биоетанолот од компанијата Renewable Fuel Obligation (RTFO). Затоа што, главната цел на проектот е 5 процентно од сите извори на гориво да бидат обновени до 2010 година или станува збор за околу



1.35 билиони литри биодизел. За да се активира ова, потребни се 870.000 хектари земја на која ќе бидат созреани 2.5 милиони тони семе од маслодајна репка.

Разликата меѓу New Holland тракторите од овој проект и од постарите генерации трактори е тоа што тие се 100% биодизел, точно според EN 14214 стандардите. New Holland поседува 100% биодизел механичка опрема од Case New Holland. Во овој проект за иновација на биодизелот се вклучени и големите трговци, како дел од независната транспортна фирма.

За тракторите 100% да работат на биодизел потребно е да бидат тестирани и соодветно одржувани за да не дојде до намалување на нивните перформанси..

Коментари на e-mail:
blagojche.najdovski@media.ffrm.org.mk




Овој трактор троши околу 20 литри, дневно, гориво од маслодајна репа




INCEBO

Меѓународно сертификационо тело во земјоделскиот и прехрамбениот сектор
Во соработка со МПС ЕЦАС

**HACCP**
**ISO 9001**
**ISO 22000**
**GLOBALGAP**
**BRC**
**IFS**
**Органско производство**

Доколку сакате да добиете потврда, од независно тело, за успешно воведени системи и стандарди или да добиете обука за истите, контактирајте не:

ИНЦЕБО
Ул. Миладин Поповиќ 4а
1000 Скопје

тел: 02/ 30 68 482
факс: 02/ 30 65 560
email: info@incebo.com.mk




Цената на John Deere MILENIO 70a, во вклучен 5% ДДВ, изнесува 18.000 евра

**ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ**

- моќност 68 КС
- мотор VM DAIMLER CHRYSLER (Mercedes) - 3 цилиндра, тип 13C/3
- зафатнина на мотор 2082 цм3
- турбополнач
- менувач: 16 брзини напред/16 брзини назад синхронизиран
- карданско вратило: 540/540 економик
- управвуач: хидрауличен
- хидраулична пумпа: 30,8 лит/мин
- резервоар за гориво: 30 литри
- капацитет на подигнување назад 1500 килограми
- ширина 1.200 мм-1375 мм


Поглед од задната страна

# Трактор за работа во стакленици

## John Deere MILENIO 70a е наменски трактор, пред сè, за овоштари, лозари и за работа во стакленици

Тракторот има 3 главни карактеристики:

1. *Снаїа од 68 кс*: без проблем влече трибразден лозаро-овоштарски плуг или која било приклучна машина која бара поголема снага на карданското вратило, како што е мулчер, фреза или 1.100 литарски атомизери со пумпи со поголем капацитет 145 лит/мин.
2. *Радиус на врѿење од 2,38 м*: ова го прави незаменлив за работа во стакленици. Во понова време т.н. плугови за рамно орање или ротациони копачки (сл. 1) ги заменуваат класичните плугови во стаклениците и во овоштарниците. Површината подготвена со овие рамни плугови е речиси идеално рамна, со длабочина од 30 сантиметри и ситно иситнет површински слој на земја.
3. *Висинаѿа на ѿракѿороѿ од 1.1 меѿри* - го прави особено погоден за работа во овоштарници одрини.

Моделот John Deere MILENIO 70a доаѓа од соработката на John Deere со Goldoni, која почнала во 1986 година. Истиот трактор се произведува во фабриката на Голдони, Италија и е со најголем процент на застапеност во својата област: лозарство и овоштарство во Шпанија, Италија и Швајцарија.


Задни полуги, категорија 1 и 2


ВМ мотор 3 цилиндричен / 68 кс.


Дигитален инструмент табла / хидрауличен менувач




# НОВА СЕРИЈА





Јавете се! Информирајте се!

**Барате сигурен трактор, со поголем комфорт и економичност? Изберете еден од новата серија на John Deere трактори.**

**Трактори на залиха со снага од 55 кс, 65 кс, 85кс, 90 кс (со клима уред) . Вградени се новите PowerTech мотори за долг животен век и намалена потрошувачка на гориво.**

Дистрибутер за Македонија:
СИНПЕКС ДОО ул."Грчки пат бб",Битола
тел.047 208 500 / фах. 047 208 515

JOHN DEERE

Reliability is our Strength

# ЕМ фамилијарно, исплатливо

**Производството на мисиркино месо може да биде нов семеен бизнис затоа што во Македонија постојат поволни услови за одгледување мисирки, особено во руралните подрачја. Кај нас, чувањето мисирки, неоправдано, е ставено на маргините на живинарското производство. Мисирки, традиционално, се чувале по селските дворови од дамнина, а поради убавите разнобојни пердуви и достоинственото перчење на мисирите, претставувале и украс на околината**

Пишува: Недељка Николова,
Институт за сточарство

Мисирката е крупен вид живина која се одгледува исклучиво заради месо. Нејзината тежина се движи во просек од 4-6 килограми кај женките и 8-10 килограми кај машките птици, а понекогаш и повеќе, во зависност од расата и времетраењето на одгледување на мисирките. Тие се најголем и најдобар производител на месо од сите стопанско корисни животни, а за тоа зборува следниов факт:

- Една хибридна мисирка од 5-6 кг, во годината, ќе даде 70 пилиња.
- Со 13-14 недели гоење х 6 кг тежина во просек = **420** килограми
- Една крава тешка 500 килограми дава потомство од **400** килограми



Има потешко потомство и од кравата

До неодамна, ова месо се носело на пазар само во цели трупови, особено за божиќните празници и други прослави и поради тоа имало сезонски карактер. Денес, мисиркиното месо се користи континуирано преку целата година, но производството се темпира да се добијат полесни мисиркини трупови (тежина до четири килограми). На пазарот сè повеќе се нудат мисиркини трупови во делови или т.н. „конфекционирани трупови“ (гради, копани, наткопани, крилца и друго), како и преработки од мисиркино месо (чадени филети и копани, маринирани делови, салами, колбаси, паштети и друго), достапни за потрошувачите по мошне пристапни цени.

### Мисирките се скромни животинки

Една од најважните особини на мисирките е тоа што одлично се одгледуваат во екстензивни услови и се мошне скромни животинки. Екстензивниот или традиционален начин на одгледување мисирки е најсоодветен за селата и подразбира одгледување мисирки од примитивни раси, кои слободно се движат по дворовите, испустите, ливадите, овоштарниците и слично. Тие одлично ја ко-

## Недостиг на литература за мисиркино производство

Во Македонија не постои интензивно одгледување на мисирки. Тоа подразбира одгледување на хибридни мисирки во строго контролирани амбиентални услови, комплетно обезбедување на избалансирана храна и спроведување на превентивна и здравствена заштита на мисирките. Неопходноста од кланица и инкубаторска станица при интензивното одгледување на мисирки е неминовна. Ова производство се одвива преку целата година и овозможува чување на поголем број мисирки на одреден простор. Притоа, вложувањата во сместување и храна се поголеми, но обезбедува најдобри и најсигурни резултати.

Овој начин на гоење на мисирки може да биде високо профитабилен бизнис, но истовремено е и најсложена и најделикатна технологија во живинарството. Неопходно е многу знаење и искуство, а недостигот на литература од областа на мисиркиното производство е пречка за едукација и усовршување на заинтересираните. Ова треба да претставува предизвик пред научно-истражувачките институции посериозно да се заинтересираат за оваа проблематика.





Одличен мајчински инстинкт

ристат пашата и сите природни извори на храна што може да се најдат (детелина, трева, луцерка, останати зрна по жетва, полжави, црви, разни инсекти и некои лисни вошки, а успешно ја уништуваат и компировата златица). Доколку се располага со површина, таа може да се засади со сточна репа, зелје, праз, кромид, зелка или тиква, бидејќи мисирките многу ја јадат оваа храна. Во однос на одгледувањето кокошки, мисирките бараат малку повеќе протеини во исхраната, но користат храна со поголем процент целулоза (пашата), што генерално ја поевтинува нивната исхрана. Добра особина кај мисирките е што тие се склони да живеат во јата и може многу лесно да се преместуваат од едно на друго место. Машките и женските мисирки се чуваат заедно во текот на производството. За сместување се користат примитивни живинарници, со прирачни хранилки и поилки, во кои се поставуваат седала и гнезда, иако мисирките кои се одгледуваат на овој начин, често пати, сами прават гнезда. Многу често се прават само настрешници со седала.

### Висок процент на изведени пилиња

Мисирките одлично го сочувале мајчинскиот инстинкт кој е пожелен за одгледување во примитивни услови. По снесување на 15-20 јајца, мисирката многу брзо се расквачува и ревносно лежи на јајцата 28 дена. И во примитивни услови на одгледување процентот на изведени пилиња е многу висок, бидејќи од сите излежени јајца, редовно, се изведуваат живи пилиња. По изведувањето на пилињата, мајката-мисирка инстиктивно знае што треба да прави за да го одржи својот подмладок во живот, да го пребродат најкритичниот период и да станат способни за самостоен живот. Кон крајот на вториот месец, на главата и вратот кај мисирчињата се појавуваат бледорозови израстоци по што пилињата стануваат многу отпорни и можат да се чуваат на отворено. Најдобро време за ведење и одгледување на пилиња е пролетта, а мисирките стасуваат за колење кон крајот на есента.

## Позитива и негатива

Позитивни особини кај екстензивниот начин на одгледување мисирки се малите вложувања во објекти, опрема и храна за мисирки, додека негативни се ограничениот број на мисирки, кои можат да се чуваат во едно домаќинство, сезонското производство и губитоците на мисирки поради различни грабливци и крадци. Ова не претставува голема пречка за домаќините кои со големо задоволство ги чуваат овие убави птици, пред сè, заради нивното квалитетно месо.

Коментари на e-mail:
todor.stojcevski@media.ffrm.org.mk



## Месо со биолошка вредност

Месото од мисирка има голема биолошка и нутритивна вредност поради следните особини:

- Содржи висок процент на протеини (25%) со висока вредност, кои ги содржат есенцијалните аминокиселини: метионин, лизин, леуцин и триптофан, неопходни за човечкиот организам;
- Содржи низок процент на масти (8%), кои ги содржат есенцијалните масни киселини: линолна, линоленска и арахидонска;
- Содржи висок процент на Б-витамини, а низок процент на холестерол;
- Богато е со калциум (на 100 грама темно месо од мисирка има 32 мг Ca, кај пилешкото 12 мг, кај говедското 11 мг);
- Одличен извор на железо, рибофлавин и цинк за добро здравје;
- Лесно сварливо, погодно за повозрасни и за диетална исхрана.

# Големи давачки, уште поголемо задоволство

**Коњот Дорат не е многу тежок, околу 450 килограми, но е висок околу 1,80 сантиметри, со висока става, исчешлана и фино расфрлена грива и негувана кожа. За да ги има овие карактеристики, бара секојдневна нега, внимание и љубов, вели неговиот стопан, Елези**

Пишува:
Тодор Стојчевски

### 1. ПАСИЈА

Во дворот на 65-годишниот Деар Елези, жител на гостиварското село Чајле, слободно шета коњ од расата „дорат“. Коњот е купен во Скопје. Неговиот неколкугодишен сопственик целиот живот го минал со коњи и друг добиток. Вели дека чувал крави, волови, бикови... Задоволство му е да биде покрај својот миленик - Дорат. „Со него сум нон-стоп. Минимум три до четири пати дневно влегувам в штала. Го хранам, го појам со вода и го чешлам. Истовремено, му го чистам и лежиштето. Само тоа говори за мојата љубов кон овој коњ“, објаснува Деар.

### 2. ХИГИЕНА

Летно време Деар го мие коњот три до четири пати. Средствата за хигиена за својот миленик ги набавува од Германија или од Швајцарија. Објаснува дека сите знаат за неговата пасија и кога се враќаат во Чајле, му носат средства за хигиена.

### 3. РАБОТА

Покрај задоволството, Деар работи со овој коњ. Подготвен е за сите физички активности, вели неговиот сопственик, објаснувајќи дека коњот ги знае редовите и дека кога ќе стигне до крајот на редот, сам се враќа и насочува на следниот ред. „Уште како дете сме жнееле со коњи. Тогаш немало машинско работење. Сме орале и со волови“, се присетува Деар.



**Во западниот дел на Македонија, според сознанијата на Деар, има само пет до шест коњи од оваа раса**

### 4. ГОЛЕМИ ТРОШОЦИ

На годишно ниво, троши околу 1.500 килограми јачмен. Ова е само дел од храната што му е потребна на Дорат. Овој сточар вели дека за негување на коњот е потребна околу една просечна плата месечно. Само за едно потковување, а во текот на летото се вршат четири до пет пати, се потребни по 1.500 денари. Освен тоа, ветеринар постојано го прегледува коњот. Затоа, обично се вели дека, каде што коњот пие вода, таму е многу чисто и секој човек може да пие од истото место. Бидејќи во околината на Чајле нема чиста вода, Деар мора да носи по 25 до 30 литри вода за пиење за коњот. „Тоа не значи дека ќе ја испие оваа вода, но сепак, мора да се носи.

### 5. ПРОБЛЕМИ

Најголема мака има летно време, кога потта од работењето му паѓа на копитото и веднаш се разболува, вели Деар. Исто така, за да го заштити од муви и комарци во летото, тој мора да носи „пипс“. „Лежиштето на коњот не смее да биде од бетон, туку само меки даски за да не се упропастуваат неговите нозе“, објаснува Деар. Коњот постојано мора да биде во движење и не смее да лежи в штала.

### 6. ТРАДИЦИЈА

Засега, Деар сам го чува коњот. Сепак, тој се надева дека неговиот внук, кој го носи неговото име, ќе ја продолжи традицијата на одгледување коњи. „Внукот постојано е околу него. Го јава, го чува и тоа ми е единствената надеж дека тој ќе чува коњи“, вели Деар. Сепак, овој гостиварчанец ќе го чува коњот сè додека може, а потоа се надева дека неговата пасија ќе ја наследи внукот Деар.

Коментари на e-mail:
blagojche.najdovski@media.ffrm.org.mk



Коњот јаде од рацете на сопственикот

### Домашен ридско - планински коњ

Коњот е Ф1 генерација од вкрстување помеѓу „хафлингер“ и домашен ридско-планински коњ. По потекло е од Витачево од РЕ „Доне Попов“. Бојата не е чиста доратска, така што е мешавина од „вранец“ и „дорат“ и има белег - ѕвезда на челото.




guarantee fund

***ВИДОВИ НА ГАРАНЦИИ***

**Гаранции за кредит:** за компании и физички лица кои земаат заем за започнување или развивање на постоечки бизнис. Гаранцијата покрива до 60% од висината на заемот.

**Гаранции за набавки на опрема и репроматеријали од добавувачи:** се издаваат за набавка на опрема и репроматеријали за купувачи кои ги исполнуваат условите на добавувачите и Гаранти Фонд. Пред издавање на гаранцијата клиентот плаќа мин. 25% од вредноста на опремата/репроматеријалите до добавувачот. За останатиот дел кој клиентот ќе го плаќа на рати на добавувачот, Гаранти Фонд издава гаранција до добавувачот.

**Гаранции за набавки на опрема од добавувачи преку кредит:** гаранции за набавки со заем од банка (комбинација од првите два вида). Клиентот плаќа мин. 30% од вредноста на набавката до добавувачот. За останатиот дел од 70% Гаранти Фонд издава гаранција на банката од каде клиентот ќе земе заем со цел да се исплати опремата на добавувачот.

Адреса: Бул. Јане Сандански 15/2/3, Скопје

Тел/факс: ++389 2 2403-377
++389 2 2403-378
++389 2 2403-379

Е-маил: guarantee@gfund.com.mk www.gfund.com.mk




ул.Скопска бр.7а 1430 Кавадарци
тел.продавница ++ 389 (0)43 412-924
тел.сервис ++ 389 (0)43 417-412
тел.мобилен ++ 389 (0)70 218-040
www.janakikomerc.com
info@janakikomerc.com; skype.janakikomerc

Вршиме продажба со можност
на КРЕДИТ,сервисирање и
ремонтирање на сите типови на трактори
и продажба на резервни делови.

# Регистрирани Америка
# НАЈДОБРИОТ ИЗБОР З

**ЗОШТО ДА КУПАМ РЕГИСТРИРАНИ АМЕРИКАНСКИ ХОЛШТАЈНИ ВО ВРЕМЕ НА КРИЗА?**

- Подобар квалитет – Повеќе килограми млеко, масти и протеини произведени ефикасно – повеќе профит
- Поголем приход наспроти трошоците за храна
- Прилагодливост на широк спектар на услови, климатски, финансиски и услови на располагање
- Најголемата и најразноврсната генетска популација, сега со докази за поголема сигурност во генот
- Добра цена, достапност на семиња, ембриони и живи говеда

**ЛИСТА НА 100 ВРВНИ БИКОВИ ПО ЗЕМЈИ**
**Јануари 2009**




73% од најдобрите бикови во светот доаѓаат од САД



# нски Холштајни
# А МАКЕДОНИЈА




**Holstein Association USA**
Holstein Place, PO Box 808, Brattleboro, VT 05302-0808 USA
551 • Fax: 802.254.8251 • international@holstein.com • www.holsteinusa.com

Почитувани читатели,

Од наредниот број на списанијата „Моја Земја“ и “Toka Ime“ Ви овозможуваме БЕСПЛАТНО огласување. Доколку сакате да купите, продадете или да најдете нешто, Ве молиме, исечете го овој купон и пратете го на следнава поштенска адреса:

**Редакција на списание „Моја земја“ или “Toka Ime“**
**Улица "Гиго Михајловски", број 3**
**1000 Скопје**

КУПУВАМ - ПРОДАВАМ - БАРАМ

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

За огласот да биде објавен во наредниот број на списанијата „Моја Земја“ и “Toka Ime“, БЕСПЛАТНИОТ купон треба да пристигне до редакцијата, најдоцна до 15-ти во тековниот месец.

Огласот треба да содржи максимум 15 зборови, а доколку имате поголем оглас, тогаш контактирајте ја редакцијата на 02/3099042.

Освен преку пошта, купонот може да го пратите и на следнава маил адреса:
todor.stojcevski@ffrm.org.mk


**Се за пчеларството**
**НЕКТАРКООП Куманово**
**овластен дистрибутер на:**

- Минели -Крагуевац
- Ролопласт - Крагуевац
- Златана пчела - Крагуевац
- Технопласт - Крагуевац
- Ивањич - Стара Пазова





- Центрифуги, амбалажа
- Пчеларски капи, блузони
- Препарати, матични решетки
- Рег. на лето, рамки, кошници, нуклеуси
- Погача со полен
- Шеќерна погача
- Био-погача
- Откуп на суров восок
- Продажба на сатни основи

тел: 031 428 737, 031 413 059 ,
070 313 825
ул.Драган Стопаровиќ бр.16 Куманово


## ОГЛАСИ

### ПРОДАВАМ

Лозови и овошни садници со уредна декларација за потеклото на садниот материјал, со можност за земање на субвенција од државата. 071/2650708 075/792621

### ПРОДАВАМ

Продавам машки шумски фазани стари 8 месеци. Можна е и замена. Цена по договор

072/538-144


**Прехранбената индустрија „Благој Ѓорев“ АД - Велес**

кристал

на сите заинтересирани земјоделци им нуди договори со кои се обврзува да обезбеди квалитетен семенски материјал и во целост да го откупи сончогледот по пазарна цена која ќе важи за време на откупот. Сите заинтересирани земјоделци, за поконкретни информации, како и заради навремено обезбедување семенски материјал, може да се обратат во фабриката на телефон 043 233 855 локал 242 или на мобилен 075 49 39 57



blagojche.najdovski@ffrm.org.mk

# Наградна игра и подароци за сите претплатници




**Почитувани претплатници,**

За сите оние кои ќе одговорат на прашањето **„што најмногу, а што најмалку Ви се допаѓа во списанието Моја Земја“** и одговорот, заедно со пополнетиот купон, го испратите на следната адреса:

**За ФФРМ Медија,**
**улица Гиго Михајловски бр 3,**
**1000 Скопје,**

ќе добиете еден од наведените три подароци. Во купонот наведете кој од овие три подароци најмногу Ви се допаѓа.

ЗАЕДНО СО КУПОНОТ ИСПРАТЕТЕ И КОПИЈА ОД УПЛАТЕНАТА ПРЕТПЛАТА ЗА 2009 ГОДИНА







Кој напис најмногу, а кој најмалку Ви се допаѓа во списанието Моја Земја?

| + | - |
|---|---|
| ______________________ | ______________________ |
| ______________________ | ______________________ |
| ______________________ | ______________________ |
| ______________________ | ______________________ |
| ______________________ | ______________________ |
| ______________________ | ______________________ |

Избран подарок: а) Капа б) Маица в) Шолја

## Купон за претплата

Со овој купон неотповикливо се претплатувам на 12 броја од списанието „Моја Земја“.
Годишната претплата од 550 денари (за членови на ФФРМ) односно 850 денари (останати читатели), со вклучен ДДВ, ја уплатив на жиро сметка на ФФРМ Медија, број 250-0050000485-38, депонент Инвест Банка, со назнака „Годишна претплата за списанието Моја Земја“ (образец ПП-10), од:

Име и презиме на претплатникот: ______________________

Адреса: ______________________

Телефон: ______________________

За дополнителни информации, контактирајте нѐ на телефонскиот број 02 30 99 042





blagojche.najdovski@ffrm.org.mk

## Промет на берзата во Нови Сад од 9 до 13 февруари 2009 година

| производ | понудена количина | продадена количина во тони | Финални цени во дин/кг со ДДВ |
|---|---|---|---|
| пченка,вештачки сушена род ЈУС квалитет, род 2008. ринфуз | 2.560 тони | 2.150 тони | 9.72-10.04 дин/кг |
| пченица, меркантилна, ЈУС квалитет, род 2008., ринфуз | 565 тони | 565 тони | 12,64 - 13,07 дин/кг |
| Сончогледова сачма сачма мин. 33% протеини плаќање за 15 ден | 10 тони | 10 тони | 10.97 дин/кг |
| АН,мин. 34% Н | 1450 тони | 1250 тони | 21.60-23.22 |
| Соина сачма сачма мин.44% протеини ринфуз | 25 тони | 25 тони | 43,90дин/кг |
| Соја зрно | 139 тони | 139 тони | 33,70дин/кг |
| УРЕА мин 46% N | 48.8 тони | 23.8 тони | 28,19 дин/кг |
| Сточно брашно | 75 тони | 75 тони | 9,44 дин/кг |
| NPK 15:15:15 | 50 тони | 50 тони | 33.19 |

1 Евро = 93,81 Динари

## Цена на овошје и зеленчук во Хрватска на кванташките пазари за период од 09 до 15 февруари 2009 година

| | Средни цени во Осијек во Куни | Цени во Сплит во Куни | Цени во Загреб во Куни |
|---|---|---|---|
| Јаболка Ајдарет | 4,85 кн/кг | 5,67 кн/кг | 5,00 кн/кг |
| Јаболка Златен делишес | 7,50 кн/кг | 6,33 кн/кг | 6,50 кн/кг |
| Домати | 18 кн/кг | / | 15.88 кн/кг |
| Грозје трпезно бело | 22,33 кн/кг | 16,67 кн/кг | 20.00 кн/кг |
| Краставица | 18.00 кн/кг | 16.00кн/кг | / |
| Кромид | 2.80 кн/кг | 3.50 кн/кг | 3.00 кн/кг |
| Зелка | 2.40 кн/кг | 2.83 кн/кг | 3.00 кн/кг |

1 Евро = 7.4 Куни

| Цени на берзата во Будимпешта на 17.02.2009 година | пченица | пченка |
|---|---|---|
| | 114.06 евра тон (фјучерс март 09) | 100.64 евра тон (фјучерс март 09) |

| Цени на берзата во Париз на 13.02.2009 година | пченица | пченка |
|---|---|---|
| | 149,00 евра тон (фјучерс март 09) | 138,50 евра тон ( фјучерс март 09) |

## Цена на овошје и зеленчук во Србија на кванташките пазари за период од 09 до 15 февруари 2009 година

| Кванташки пазари | Цени во Белград во дин. | цени во Ниш во дин. | Цени во Нови Сад во дин |
|---|---|---|---|
| Јаболка Ајдаред | 40 дин/кг | 40 дин/кг | 40 дин/кг |
| Јаболка Златен делишес | 55 дин/кг | 40 дин/кг | 50 дин/кг |
| Јаболка Грени смит | 60 дин/кг | 40 дин/кг | 50 дин/кг |
| Домати | 130 дин/кг | / | 140 дин/кг |
| Краставица | 220 дин/кг | / | 210 дин/кг |
| Кромид | 16 дин/кг | 20 дин/кг | 20 дин/кг |
| Зелка | 15 дин/кг | 15 дин/кг | 17 дин/кг |
| Грав | 170 дин/кг | 160 дин/кг | 160 дин/кг |

## Кланични цени на жива стока во Србија за периодот од 09 до 15 февруари 2009 година

| вид на стока тежина раса | доминтна кланична цена |
|---|---|
| Бикови > 500 кг. ХФ | 170 дин/кг |
| Бикови > 500 кг. СМ | 170 дин/кг |
| Јагниња | 230 дин/кг |
| Јуниња 350-480 кг. | 160 дин/кг |
| Јуници | 150 дин/кг |
| Крави за колење | 100 дин/кг |
| Овци | 110 дин/кг |
| Прасиња над 25 кг | 220 дин/кг |
| Телиња 80-160 кг СМ | 280 дин/кг |
| Свињи товјеници Прва класа 90-120 кг | 160 дин/кг |
| Свињи товјеници Втора класа 90-120 кг | 150 дин/кг |
| Свињи товјеници над 120 кг | 110 дин/кг |
| Шилежиња | 140 дин/кг |

1 Евро = 93,81 Динари

# INDAR 5 EW

**Indar 5 EW**, е системичен фунгицид од последната генерација на триазоли и е врвен производ, *venturicid* со кој успешно и сигурно се сузбива краставост и пепелница на јаболка. Резултат на тоа се здрави и квалитетни плодови, а со тоа и подобар финансиски успех.

**Indar 5 EW** дејствува на штетните габи типично за триазоли, ја инхибира биосинтезата на ергостерол, еден од основните материи во градбата и функционалноста на клеточните зидови на габата.

**Indar 5 EW**, врз основа на активна материја **fenbukonazol**, важи денес за еден од најефикасните фунгициди за сузбивање на краставост и пепелница на јаболка (*Venturia inaequalis, Podosphaera leucotricha*). Познат е по својата превентивна активност, како и одличното куративно и ерадикативно дејствување.



Фузикладум-типични дамки на листот

**Технички податоци:**

- активна материја: фенбуконазол 5% (50 г/л)
- формулација: концентрирана водена емулзија (EW)
- отровност: III група на отрови

**Особини:**

- ***висока системичност***: Фенбуконазол внатре во растението се движи трансламинарно, и системично во акропетален правец.
- ***брза апсорпција***: Од површината на вегетативните делови на растението, активната материја брзо се апсорбира. Зависно од температурата и воздушната влага, за полна апсорпција е потребно 2-4 часа.
- ***силно куративно дејствување***: Indar 5 EW осигурува силно куративно дејствување во рок од 100 часа од почетокот на инфекцијата.
- ***долга перзистентност***: Фенбуконазол има долго перзистентно дејствување, подолго од повеќето триазоли. Истата е, зависна од контактното средство, кое вообичаено се применува во комбинација со Indar 5 EW, додатно засилена.
- ***потполна селективност***: Фенбуконазол се одликува со широка и исклучителна селективност:
- не влијае негативно на создавање на полен
- не е отровен, ниту штетен за пчели, па може да се примени во полно цветање
- селективен е кон корисната ентомо и акарофауна, па затоа е препорачлив во програмите за интегрална заштита
- не предизвикува мрежавост на сорта Златен делишес
- нема негативно дејствување на бојата и обликот на плодовите
- не влијае на скратување на интернодиите на едногодишните ластари, што е случај кај некои недоволно селективни триазоли
- ***каренца***: 28 дена за јаболко



Фузикладиум-дамки на плодот



Фузикладиум-краставост-распукнат плод



Фузикладиум-отпаднат лист со стари дамки-потенцијален извор на аскоспори за следната пролет

**Дози и примена:**

▸ *превентивна програма*

Во периодот на примарни инфекции, до фенофазата кога плодот ќе достигне големина на орев (J), се прска во редовни неделни интервали (6-8 дена). Подоцна интервалите између прскањата можат да бидат и подолги. Indar 5 EW се применува во концентрација 0.1% (1.0 l/ha).

▸ *куративна програма*

Се прска во рок 96-100 часа од почетокот на инфекцијата. За постигање на најдобри резултати во заштита од чадлива краставост треба да се пратат советите од прогнозната служба, и агрометеоролошките станици. Indar 5 EW се применува во концентрација 0.1% (1.0 l/ha).

▸ *препораки*

Со Indar 5 EW е најдобро да се започне со прскање во фаза $Д_3$ односно од појава на розе балони. Поради избегнување резистентност (антирезистентна стратегија) и додатно подобрување на превентивното дејствување, се препорачува комбинација со контактни фунгициди како Delan 700 WG, Poliram DF или Dithane DG NeoTec.

Во случај на појава на дамки на листовите или плодовите, прскањето да се изведе во најкраток можен рок само со Indar 5 EW (0,1%; односно 1,0 l/ha), и да се повтори прскањето во комбинација со превентивен фунгицид за 5-7 дена.

**Пепелница на јаболко** (*Podosphaera leucotricha*)

Прскањата кои ги изведуваме со Indar 5 EW за сузбивање краставост, обично се доволни и за заштита од пепелница на јаболката.

Во случај на јаки примарни инфекции со пепелница, се препорачува комбинација со фунгицидот Propikonazol 250EC и др.

**Примена кај други култури**

Indar 5 EW се применува за сузбивање на:

- пепелница на коскесто овошје, монилија (Monilinia laxa и Monilinia fructigena) на нектарини, праски, сливи, вишни и цреши, сипаничавост на вишна (Blumeriella jaapii) во доза 0.1% (1l/ha)

- пепелница и црно гниење на винова лоза (Uncinula necator, Guignardia bidwellii) во доза 0.1% (1 l/ha)

***каренца:*** винова лоза 21 ден; праска, нектарина и кајсија 3 дена.



Гниење на плодовите (Monilinia fructigena)

ХЕМОМАК ПЕСТИЦИДИ
Поштенски фах 11
1400 Велес, Македонија
тел: 043/212-552; 212-553
факс: 043/243-210
e-mail: hemomak@t-home.mk

Dow AgroSciences

syngenta

# СУЗБИВАЊЕ НА ПЛЕВЕЛИТЕ ВО СТРНИ ЖИТАРИЦИ, ИМПЕРАТИВ ЗА РЕДОВНИ, ГОЛЕМИ И КВАЛИТЕТНИ ПРИНОСИ







## Lintur 70 WG

### Хербицид за сузбивање широколисни плевели во сите стрни жита

- Делува на многу широк спектар широколисни плевели во озими и јари житарици.
- Се употребува во пролет до завршеток на братимење и појава на прво коленце.
- Содржи две активни материи, делува преку лист и преку почва.
- Ги сузбива и плевелите кои никнуваат подоцна (после третирањето).
- Многу мали дози, одличен еко-токсиколошки профил (120 до 180 г/ха).
- Модерно пакување, **WG** формулација, безбеден за ракување.
- Извонредно селективен и безбеден за културите.
- Компатибилен со граминициди (Topik 080 EC - за комплетна програма за заштита).
- Нај економичен хербицид за сигурноста и ефикасноста која ја дава.

## Topik 080 EC

### Хербицид за сузбивање теснолисни плевели во пченица, рж и тритикале

- Делува на широк спектар теснолисни плевели во наведените култури.
- Содржи активна материја, масло и "safener" (одлична хербицидна селективност).
- Се употребува после никнување до три листа на пченицата (post emergence).
- Компатибилен со хербициди за широколисни плевели (Lintur 70 WG).
- Не отровен за птици, пчели и земјени црви (одличен еко-токсиколошки профил).




Пестициди Хромос




Телефон: (02) 3113 292; (02) 3237 563
Факс: (02) 3237 413; (02) 3115 061
e-mail: hromospesticidi@t-home.mk
hrompest@t-home.mk



www.hromospesticidi.com.mk